ВИОЛЕТА МИТОВСКА ОЛИВЕРА ВЕЛИЧКОВСКА
ВЕСНА ГАВРИЛОВСКА - АВРАМОВСКА

# ОПШТЕСТВО

## ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

ЗА ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

***Врз основа на одлука бр. 224617/1 од 19.08.2010 на Националната комисија за учебници, стручно вреднување на ракописот изврши следниот стручен тим од рецензенти:***

проф.д-р Владо Тимовски
проф.д-р Билјана Камчевска
м-р Гордана Плетварска- Трајчевска
м-р Скендер Асани
м-р Благица Станковска

***Лектор:***
д-р Веселинка Лаброска

***Соработници:***
Билјана Кртолица
Анастасија Стојновска

***Издавач:***
Министерство за образование и наука на Република Македонија

***Печати***:
Графички центар дооел, Скопје

***Тираж:***
16.200

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија
бр.19-6285/1 од 27.08.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека
“Св.Климент Охридски” , Скопје
373.3.016:316.3(075.2)=163.3
МИТОВСКА, Виолета
Општество за петто одделение за деветгодишно основно образование / Виолета
Митовска, Оливера Величковска, Весна Гавриловска-Аврамовска. - Скопје :
Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010 . - 128 стр.
: илустр. во боја ; 28 см
ISBN 978-608-228-001-3
1. Величковска, Оливера [автор]  2.Гавриловска-Аврамовска, Весна [автор]
COBISS.MK-ID 84084490

# ДРАГ УЧЕНИКУ

**Колку ја познаваш твојата татковина како дел од светот?**

Овој учебник ќе биде твојот водич, кој ќе те запознае и ќе ги надгради твоите знаења за **Република Македонија**, за нејзините карактеристики и обележја, за нејзиното минато, за културното наследство, како и за **Европската Унија** и нејзините институции. Ќе ги запознаеш основните човекови права, правата на децата, но и правата и одговорностите на граѓаните на Република Македонија. Ќе се запознаеш **себе си како личност и како дел од групата.** Ќе осознаеш многу нешта за светот и за актуелните светски проблеми. Учебникот и бројните истражувања, техниките на учење, проектите и работните задачи ќе те насочат од каде да стекнуваш знаења и да ги прошируваш веќе стекнатите.

Надополни ги досегашните познавања! Осознавај и проширувај ги своите знаења.

Почитувај ги правилата за работа, слушај, истражувај, дискутирај, анализирај , набљудувај, аргументирај ...

Авторите

## ЗАПОЗНАЈ СЕ СО УЧЕБНИКОТ

**1.Тема: НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2.Тема: ЛИЧНОСТИ ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО**

**3.Тема: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ**

**Ликови како ваши дугарчиња што ќе ве водат низ учебникот:**



**Истражувај!**



**Спореди ги своите заклучоци со нашите!**



**Задачи**



**Дискусија; дебата**

**Да се потсетиме!**





**Нешто повеќе!**



**Што научив?**

# НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЌЕ РАЗГОВАРАМЕ ЗА:

- убавините на нашата татковина;
- местоположбата на Република Македонија Āнејзините соседи ;
- нејзината историја и минатото;
- главниот град;
- зошто е значајно една земја да биде демократска?

## ЌЕ УЧИМЕ ЗА:

- Македонија како дел од Европа и од Балканот;
- Скопје – главен град на Република Македонија;
- Држава, државно уредување и државни институции;
- периодизација на македонското минато;
- стопанството во Република Македонија;
- туризмот во Македонија;
- правата и должностите на граѓаните;
- кулурниот живот во твојата држава;
- население и структура на население.



## ТВОЈАТА ЗАДАЧА ЌЕ БИДЕ:

- да истражуваш за богатствата и за убавините на твојата татковина, соседните држави;
- да изработиш албум и извештај за градот Скопје и за социодемографските карактеристики во Република Македонија;
- преку грозд- техниката да ги претставиш природните особености на Македонија;
- да изработиш проект за минатото на нашата татковина ;
- да изработиш туристичка карта на Република Македонија;
- да изработиш Т- табела со правата и должностите на граѓаните во твојата земја .



# КАРТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



За подобро да ја запознаеш својата татковина, за да ги надградиш своите знаења, ќе користиш енциклопедии, книги, фотографии, видеозаписи.. ..
Потребни ќе ти бидат и географски карти на: Република Македонија, Балканскиот Полуостров, Европа .. .
Посетувај ја библиотеката, користи интернет!
**Бура на идеи:** поим **татковина**

Татковина –тоа си ти,
и јас сум тој, сите ние!
Тоа е огромно топло
сонце во нашите гради
што бие.

**Видое Подгорец**

**Татковина** е наследство, а истовремено и состојба на поседување на земја, територија, духовни вредности и содржини кои ја сочинуваат културата на еден народ. **Република Македонија е нашата татковина.**

**Република** претставува облик на државно уредување. Во републиката власта ја избира народот на демократски избори за определен број години. Претседателот на републиката исто така е избран од страна на народот.



**Карта на Република Македонија**

**Држава** е збир на институции според кои се однесуваат луѓето.

Република Македонија е самостојна, независна и демократска држава.

Македонија е држава која ја красат многу природни убавини. Богата е со шуми, ливади, плодни полиња, езера и реки, клисури, пештери, водопади, културно-историски споменици... Изобилува со разновиден растителен и животински свет. Таа е лулка на писменоста, во која творат истакнати дејци. **Истражувај, осознавај и дознај повеќе карактеристики за твојата татковина.**

## Македонија и нејзините соседи





Истражувајте со помош на географската карта!
Пронајдете ги соседните држави и нивните главни градови.
Определете која држава на која страна се граничи со Македонија!
Во кои држави има делови од нашите природни езера?
Осознајте некои карактеристики на соседните држави на Република Македонија! (големина, релјеф...)

**Соседни држави на Република Македонија се**: Република Србија, Република Косово, Република Бугарија, Република Грција и Република Албанија.




**Карта на Република Македонија и нејзините соседни држави**




**Знамиња на соседните држави**



Република Македонија на **север** граничи со **Република Србија,** со главен град Белград. Република Србија не излегува на море. Релјефот на Србија е разновиден. Климата главно е умерено-континентална.

Нашата татковина на **југ** граничи со **Република Грција**. Главен град е Атина. Таа е полуостровска и островска земја. Членка е на Европска Унија. Излегува на Егејско Море, Јонско Море, Јадранско Море и Средоземно Море. Релјефот на Грција е главно планински. Климата е средоземноморска и планинска.

Република Македонија на **исток** граничи со **Република Бугарија**, со главен град Софија. Бугарија е членка на Европската Унија. Низ Бугарија минува еден од најзначајните коридори на Балканскиот Полуостров. Бугарија излегува на Црно Море. Климата е приморска, умерено-континентална и планинска. Најголемиот дел од релјефот е планински.

Македонија на **запад** граничи со **Република Албанија,** со главен град Тирана. Албанија е медитеранска и балканска земја. Излегува на Јадранско и на Јонско Море. Климата во Република Албанија е средоземноморска и умерено-континентална. Релјефот е претежно планински.

На **северозапад** граничи со **Република Косово** со главен град Приштина. Релјефот на Република Косово е разновиден. Климата е континентална, со топли лета и ладни и снежни зими.



**Истражувај!**
Со помош на географски карти, интернет и други учебници дознај повеќе за релјефот за соседните држави.

## ШТО НАУЧИВМЕ?



1. Опиши ги карактеристиките на Република Македонија како држава!
2. Објасни го поимот татковина!
3. Што претставува република?
4. Каква држава е Република Македонија? Зошто?
5. Со кои држави граничи Република Македонија?
6. Направи споредба на Република Македонија со нејзините соседи и согледај ги разликите!

## ДРЖАВНИТЕ СИМБОЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Разговарај со другарчињата и со родителите; побарај помош на интернет и во енциклопедии.
Разгледај ги државните симболи на Република Македонија и истражувај кои се нивните главни карактеристики! Што симболизираат боите на знамето?





**Државни симболи** на Република Македонија се: **знамето, грбот и химната.**



Знаме на Република Македонија

**Знамето** на Република Македонија е црвено. Од средината кон краевите на знамето, распослано е жолтото сонце со осум краци.

Државното знаме се вее на сите државни институции, на улиците за време на државни празници, на спортски и културни манифестации, за дочек на значајни домашни и странски гости...

Кога државното знаме е на половина копје, значи дека во државата е прогласена жалост.

Грб на Република Македонија



**Грбот** на Република Македонија е поле обградено со венец исплетен со житно класје, афион и тутун. Во средината се нашите планински врвови, а водата ги претставува нашите реки и езера.

Грбот е во употреба уште од 27 јули 1946, а на 16 ноември 2009 е отстранета црвената петокрака.



## ДЕНЕС НАД МАКЕДОНИЈА СЕ РАЃА

**Денес над Македонија се раѓа**
**ново сонце на слободата.**
**Македонците се борат**
**за своите правдини.**

**Од ново сега знамето се вее**
**на Крушевската Република.**
**Гоце Делчев, Питу Гули,**
**Даме Груев, Сандански.**

**Горите македонски шумно пеат**
**бојни песни, нови весници,**
**Македонија слободна**
**слободно живее.**

**Химна на Република Македонија**



Текстот на химната го напишал Владо Малески (1941), музиката Тодор Скаловски (1943), а прифатена е во **1944 година**.



**Химната** претставува свечена песна за секоја држава. Со нашата химна се искажува минатото и сегашноста.

Химната се пее на манифестации, за државни празници, на спортски натпревари, за дочек на странски државни гости.

За време на пеењето на химната, од почит кон неа и кон државата што ја претставува, сите треба да станат.

### ШТО НАУЧИВМЕ?

1.Наброј ги и објасни ги државните симболи на Република Македонија!
2.Кога се истакнува знамето?
3.Кога се пее химната?





На часот по **ликовно образование** изработете ги знамето и грбот на Република Македонија и притоа користете различни материјали и ликовни техники!
На часот по **музичко образование** слушајте ја и научете ја химната на Република Македонија!

# СКОПЈЕ – ГЛАВЕН ГРАД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Разгледајте ја картата на Република Македонија и одредете ја местоположбата на главниот град!
Формирајте групи и поделете ги активностите меѓу себе, истражувајте и дознајте што повеќе податоци за Скопје како главен град на Република Македонија: географски податоци, стопански центри, културни и научно –образовни центри, административно- политички центри и туристички локации.
Користете разни извори на информации (книги, енциклопедии, списанија, интернет...)
Презентирајте пред одделението!
Не заборавајте да соберете и фотографии и разгледници!





**Главниот град на Република Македонија** се наоѓа во северниот дел од нашата татковина, во Скопската котлина. Скопје се наоѓа од левата и од десната страна на реката Вардар, каде што е изграден и Камениот мост, кој е симбол на градот. Над него се издигнува тврдината Кале. Многу е интересна и Старата скопска чаршија во која има многу занаетчии.

Скопје е главен град, **метропола** на Република Македонија. Тука се сместени најважните државни установи: Владата, Собранието, Уставниот и Врховниот суд.



**Скопје денес**



**Грб на град Скопје**



**Знаме на град Скопје**

Градот има долго минато. Преживеал многу војни, палења, земјотреси, болести...

Секогаш повторно се обновувал. За Скопје се вели дека е град на солидарноста. Во 1963 година Скопје бил разрушен од страшен земјотрес, но со помошта на луѓето од целиот свет повторно бил изграден.



**Скопје во XVII век**



**Скопје по земјотресот**

Денес Скопје е модерен град со стари градби и модерни висококатници, булевари, паркови. Има развиена индустрија, стопанство, туризам... Има повеќе културни установи (театри, опера, кина, библиотеки, музеи, историски споменици...), образовни установи ( факултети, училишта, градинки...) и верски објекти.

**Скопје е административен, културен, просветен, политички, индустриски и трговски центар на Република Македонија.**

Со техниката **"Скелетен приказ"** претстави го градот Скопје низ времето (од неговото настанување до денес).



## ШТО НАУЧИВМЕ?

1.Опиши ги карактеристиките на главниот град на Република Македонија!
2.Кои се основните стопански, политички и културни функции на главниот град на Република Македонија?



**Поделете се на групи** според тоа што сте посетиле или до каков материјал сте дошле.
Наставникот ги определува групите. Секоја група нека напише извештај за тоа што сте виделе и каков впечаток сте добиле. Од извештаите, од текстовите и од сликите направете одделенски албум.

# МЕСТОПОЛОЖБА И ПРИРОДНИ ОСОБЕНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Светот** го сочинуваат големи копнени површини наречени континенти. Тие лежат на Земјината топка.





**Истражувачки активности!**
Кои се континентите на Земјината топка?
Определи ја местоположбата на Република Македонија со помош на училишниот глобус или географската карта на светот!
Со кои европски држави е поврзана Република Македонија?



**Државна територија** опфаќа сè што е во рамките на границите на една држава вклучувајќи го копното, водите и воздушниот простор, со сите природни богатства.



**Карта на Европа**

Република Македонија е **европска земја**. Таа се наоѓа на југоисточниот дел на континентот Европа, во **средишниот дел** на Балканскиот Полуостров.

Балканскиот Полуостров има поволна местоположба затоа што сообраќајно поврзува три континенти. Најзначајни сообраќајници се автопатот Е – 75 и железничката пруга Скопје – Гевгелија.

Република Македонија, како балканска држава, исто така има поволна местоположба. Таа претставува крстосница на значајни патишта која нè поврзува со сите балкански држави.

Македонија не излегува на **море. Затоа таа е и континентална земја. Но, сепак има поволна географска** положба. Преку патните, авионските и железничките линии е поврзана со многу европски држави и континенти.



**Местоположба на Република Македонија на Балканскиот Полуостров**

**Република Македонија ја карактеризираат многу природни особености кои и даваат посебен белег.**

Побарај слики и текстови за природните особености на нашата земја.
Преку грозд-техниката претстави ги природните особености на Република Македонија!
Разговарај, истражувај!
Разгледај ја картата на Република Македонија и пронајди ги природните особености на нашата земја!




**Размислувај и дополни!**

Обележје на Република Македонија се рисот, пастрмката, јагулата, моликата…




Занимливости

Националниот парк **Пелистер** е најстар во нашата земја. Карактеристичен е по ендемичните растенија и ретки животни како **рисот**, мечката, еленот и дивата коза.
**Пастрмката** е ендемна слатководна риба, живее во Охридското Езеро.
**Јагулата** живее во водите на Охридското Езеро.












**Релјефот** на Република Македонија е ридско – планински. Го сочинуваат три целини:

- западниот дел, кој се карактеризира со високи планини, а меѓу нив се наоѓаат длабоки долини;
- средишниот, во кој се наоѓаат котлини, од кои некои меѓусебно се поврзани со клисури;
- источниот дел, кој е понизок од западниот и ги опфаќа левите притоки на реката Вардар.

Во Македонија претежно владее **умерено-континентална клима** која ја карактеризираат топли и суви лета и студени и влажни зими.

**Водите** ( реките и езерата) се големо природно богатство на Република Македонија. Низ Република Македонија има минерални извори кои служат за лекување на луѓето и за загревање на оранжериите. Најдолга **река** е **Вардар** и во најголем дел тече низ централниот дел на државата. Извира во подножјето на Шар Планина од силен извор кај селото Вруток и се влева во Егејско Море.
Реката **Црни Дрим** истекува од Охридското Езеро. Нејзината десна притока **Радика** е една од најубавите, најчистите, најживописни реки во Македонија.

На јужната граница на Република Македонија лежат три големи **природни езера**:

**Охридското Езеро** е најголемо природно езеро во Република Македонија. Тоа е и едно од најдлабоките и најпровидните езера во Европа. Заради бројните заливи, полуострови, убавините на околните планини и постоењето на преку 140 видови ендемски животни, Охридското Езеро е влезено во листата на природни реткости на УНЕСКО.

Второ по големина во Република Македонија е **Преспанското Езеро.** Тоа се карактеризира по разгранетоста на брегот со заливи, полуострови, песочни плажи и еден мал остров кој се вика **Голем Град**.

Најмало природно езеро **е Дојранското Езеро**. Богато е со жив свет, особено со риби, а покрај брегот има широк појас на трска.




Со преградување на речните долини човекот изградил **вештачки езера**. Тие се користат за наводување на обработливите површини, за производство на електрична енергија, за обезбедување вода за пиење, за туризам, спорт и рекреација.

**езера**

**природни:** Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро.
**вештачки:** Мавровско, Дебарско, Тиквешко Езеро, Калиманци...

**рамнини**

Пелагонија, Полог, Тиквеш, Гевгелиско – валандовската, Струмичката, Овче Поле, Скопската Котлина...

**бањи**

Бања Банско, Кежовица, Косоврасти, Дебарски бањи, Катлановски Бањи...

**реки**

Вардар, Радика, Брегалница , Црна Река...

**планини**

Познати планини: Шар Планина, Бистра, Кораб, Осоговски Планини, Беласица,Огражден, Скопска Црна Гора, Кожув…

## ШТО НАУЧИВМЕ?



1.Зошто Република Македонија има поволна местоположба?
2.Кои се природните карактеристики на Република Македонија?
3. Наброј ги сличностите и разликите помеѓу природните езера!



**Истражувајте**,
а потоа изработете табеларен приказ во кој ќе ги претставите:
- висината на планините во Република Македонија;
- должината на реките.
- на кои други држави припаѓаат делови од природните езера.



# ПЕРИОДИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО МИНАТО

Побарајте материјали за најдалечното минато на **вашето место на живеење** и на Република Македонија (енциклопедии, истории, видео записи, слики, филмови, интернет...).
**Изработете проекти** за одделните историски периоди. Проширете со настани **од вашиот крај!**
**Посетете** археолошки локалитети, културно- историски споменици...



Од крајот на VIII век пред новата ера започнало обединувањето на македонските племиња во единствена држава. На чело на државата стоел крал. За основач на македонската држава се смета кралот Пердика. Наследниците на кралот Пердика настојувале да ја зацврстат и да ја прошират својата држава. Најголем успех македонската држава доживува во времето кога владееле македонските кралеви **Филип II Македонски** и **Александар III Македонски**. Тогаш Македонија се издигнала во моќна светска сила – **„Господарка на светот"**, како што ја нарекувале античките автори.



**Александар Македонски**



**Монета од времето на Александар I**

**Царство** е монархиско државно уредување на чело со цар. Секој цар ја наследува круната од својот татко. Царството е **поголемо од кралството**, опфаќа поголема територија.

**Империја** е царство – држава што држи под своја власт туѓи поседи.

Градот Александрија го создал Александар Македонски и е наречен Александрија според создателот.
Прочуениот коњ на царот Александар се викал Букефал.



## Македонија во средниот век

Искористи ги своите сознанија од истражувачките активности преку бура на идеи. Изработи споредбена табела: **некогаш и сега**.






Кон крајот на VI век и почетокот на VII век на територијата на Македонија се доселиле Словените. Нивната прататковина се наоѓала зад Карпатите, но поради лошите услови за живот, како и нападите од соседите, тие започнале да се преселуваат. Некои заминале на исток, некои на запад, а оние кои заминале на југ и се населиле на Балканскиот Полуостров се наречени Јужни Словени.

Во својата стара татковина **Словените** немале писмо, долго време "со цртички и рески читаа и гатаа". Кога дошле на Балканот и се покрстиле, словенските зборови ги пишувале со римски и грчки букви, без правила. Со такво писмо не било можно точно да се напишат многу словенски зборови. Во грчката азбука немало букви за многу словенски гласови. "Потоа свети Константин –Кирил им создал 38 букви, едни според грчките букви, други по потребата на словенскиот јазик."



Браќата Кирил и Методиј биле многу учени луѓе. Тие ја создале првата словенска азбука – **глаголицата**, а нивните ученици Климент и Наум ја упростиле глаголицата и новото писмо го нарекле **кирилица.** Со создавањето и ширењето на словенската писменост и книжевност Македонија дала значаен придонес во светската култура.



**Свети Кирил и Методиј**



**Свети Климент**



**Свети Наум**



**Напиши состав во форма на извештај за значењето на св. Кирил и св. Методиј.**

Во средината на X век била создадена македонската средновековна држава. На чело на државата се наоѓал цар Самуил. Тој имал силна војска. Со освојувачките војни кои ги водел ја проширил државата на север до Дунав и Сава, на југ до Тесалија, на запад до Јадранско и на исток до Црно Море.
Во битка на планината Беласица (1014 г.), со византискиот император Василиј II, царот Самуил бил поразен, а заробените четиринаесет илјади војници биле ослепени. Веднаш по тој настан царот Самуил починал. Средновековната македонска држава постоела до 1018 година кога била вклучена во рамките на Византија.



**Војската на Самуил**



**Цар Самуил**



Најди и прочитај некој расказ или книга за првата македонска држава и за цар Самуил!



**Македонија за време на Османлиското владеење**

Кон крајот на XIV век Македонија била освоена од Турците-Османлии и влегла во составот на Османлиската Империја.
Македонскиот народ често се бунтувал и кревал востанија за ослободување од османлиската власт. Најстара оружена форма на отпор било ајдутството.

Првото поголемо востание во Македонија избувнало во 1689 година под водство на ајдутинот Карпош.

Во формите на отпор против Османлиската Империја учествувал и скопскиот бискуп Пјетер Богдани.

Ослободителното движење во Македонија се засилило во XIX век. Тогаш биле подигнати повеќе востанија (Негушко, Разловечко, Кресненско).



**Јане Сандански со својата чета**



**Македонско село во времето од Османлиското владеење**

Од сите буни и востанија најзначајно востание е **Илинденското востание** кренато на **2 август 1903** година. Во борбите за слобода, освен Македонците зеле учество и Албанците, Турците и Власите.


**Гоце Делчев**


**Никола Карев**


**Ѓорче Петров**


**Даме Груев**


**Питу Гули**

**Познати револуционери** од тоа време се: **Гоце Делчев**, **Питу Гули**, **Јане Сандански**, **Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев и др**.

Во ослободеното Крушево е формирана Крушевската Република. Бил формиран Совет на Републиката кој го сочинувале 60 граѓани и Привремена влада од 6 члена. На чело на владата стоел Ванѓел Дину, а претседател на Републиката бил **Никола Карев**.

**Крушевската Република опстојала десет дена.**

**Илинден има особено значење во историјата на македонската држава.**

За време на Османлиското царство, покрај другите даноци, постоел и **данок во крв.** Тоа претставувало насилно одземање на машките деца од родителите. Децата гиноселе во Турција, ги воспитувале и ги учеле да станат најсурови војници. Тие војници се наречени **јаничари.**





Во одбраната на Крушево востаниците користеле **топ**. Твоја задача е да откриеш од каков материјал е изработен ?


**Крушевското црешово топче**

**Јас сум новинар истражувач!**

**Замисли** дека си новинар. Смисли и напиши **вест** за Крушево - град богат со настани и личности.



## Балкански војни и Прва светска војна

Голем товар и бројни жртви, војни, поднел македонскиот народ во Балканските војни (1912-1913 г.).

**Првата балканска војна** се водела помеѓу Османлиската Империја и Балканскиот Сојуз составен од Бугарија, Грција, Црна Гора и Србија. Во војната учествувале и Македонците, самостојно или во составот на војските на балканските сојузници. Тие се надевале дека ќе се ослободат од турската власт и ќе создадат своја држава. Но, нивните очекувања не се оствариле. Македонија била окупирана и поделена помеѓу Србија, Грција и Бугарија.

**Втората балканска војна** избувнала во јуни 1913 година, кога Бугарија, незадоволна од поделбата на територијата ги нападнала своите поранешни сојузници, Србија и Грција. Втората балканска војна завршува со **договорот во Букурешт**. Со овој договор била потврдена поделбата на Македонија.

По Балканските војни, во 1914 година започнала **Првата светска војна**, која траела четири години.
Во Првата светска војна македонскиот народ бил подложен на нови окупации, воени разорувања и делби.



**Жртви од Првата светска војна**

## ШТО НАУЧИВМЕ



**Објасни** според кои староседелци Македонија го добила името.
**Дефинирај** го значењето на Александар Македонски.
**Направи** преглед за доаѓањето на старите Словени и создавањето првата држава.
**Опиши** ја битката на планината Беласица.
**Определи** го времето кога Македонија потпаднала под османлиска власт.
**Опиши** што знаеш за Илинденското востание и за Крушевската Република!
**Објасни** кога е поделена Македонија и од кого.



# ФОРМИРАЊЕ НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА

### Македонија во Втората светска војна

Современата македонска држава е создадена во текот на четиригодишната антифашистичка и националноослободителна војна (1941 -1944 г.). Втората светска војна за Македонија значела ново распарчување на националната територија, национална асимилација и економска експлоатација. Застанувајќи на страната на антифашистичката коалиција, македонскиот народ тргнал во оружена борба за остварување на вековните идеали и стрмежи - ослободување и создавање на своја национална држава.



**Б угарската полициска станица во Прилеп - објект на една од првите востанички акции на македонските партизани, со скица на нападот -11 октомври 1941**

Антифашистичкиот отпор бил организиран под водство на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) на чело со Јосип Броз Тито, односно на Комунистичката партија на Македонија (КПМ).

Борбата за слобода во Македонија започнала на **11 октомври 1941 година.** Тогаш биле испукани првите пушки против непријателот во Прилеп и во Куманово.

Затоа **11 Октомври се слави како Ден на востанието во Македонија.** Од овие градови борбата се пренесла низ целата земја. Борбата ја воделе партизаните. Во војната Македонија дала многу жртви меѓу кои се и народните херои: **Страшо Пинџур, Мирче Ацев, Ибе Паликуќа, Вера Циривири – Трена, Кузман Јосифовски -Питу, Лиман Каба, Цветан Димов, Бајрам Шабани и други.**



**Салата во која се оджало Првото заседание на АСНОМ**

**На 2 август 1944 година** во манастирот **Прохор Пчински** е одржано **Првото заседание на АСНОМ** ( Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија). На ова заседание биле донесени повеќе решенија со кои е прогласено создавањето на македонската држава и биле утврдени нејзините највисоки органи.

За прв претседател е избран Методија Андонов –Ченто.

За Македонија АСНОМ има големо значење: **Македонија е прогласена за држава; македонскиот јазик е признат како службен јазик; граѓаните кои живеат во Македонија без разлика на вера, народност и пол се рамноправни граѓани...**

**Ако сакаш да знаеш повеќе!**

На 16 април 1945 година била формирана првата Влада на Македонија. Во неа биле застапени и претставници на заедниците во Македонија како што бил Нецат Аголи, министер за социјална политика.





Задача : истражувајте, прибирајте податоци за учесници во нашата борба за слобода за време на Втората светска војна.

## ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА



**Методија Андонов – Ченто** (1902-1957), политичар и патриот. Бил претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ (1943), претседател на Президиумот на АСНОМ. Доследен борец за национално ослободување на македонскиот народ и за самостојна и обединета Македонија.



**По Втората светска војна** Македонија е во составот на Југословенската федерација (СФРЈ) како рамноправна република.

Побарај слики и написи од времето на изградбата на нашата земја по Втората светска војна. Користи и интернет!
Дознај што е изградено и формирано во Република Македонија.
Ако имаш некој близок што учествувал во работните акции нека ти раскажува.
Сите податоци што ќе ги научиш, како и собраниот материјал, среди ги заедно со другарче или во група, а потоа сподели ги со останатите во одделението.





**Младинска работна акција**

По војната Македонија е разурната и неразвиена земја. Расположивите природни богатства и учеството на народот во изградбата и обновата на земјата носат брз економски и стопански развој.

Македонија се гради и напредува, се врши електрификација на селата, се градат модерни патишта, железнички пруги, фабрики, хидроцентрали, здравствени, културни и образовни институции.



Од пронајдените материјали, записи, од искажувањата, од слики и друг материјал изработи пано.

Истражувачки постапки на тема:
**“Сеќавања за референдумот од 8 септември 1991 година“**
Што значи зборот **сувереност**?
Обиди се да го објасниш зборот **референдум.**



Граѓаните на нашата држава **на 8 септември 1991 год.,** на референдум се изјаснија за **самостојна, суверена и независна Република Македонија.**

На овој ден секоја година свечено се одбележува и прославува независноста на нашата татковина. **Осми септември е државен празник на Република Македонија!**

На 17.XI 1991 година Собранието на Република Македонија го изгласа првиот **Устав** на независна и суверена Република Македонија. Уставот е највисок правен акт на една држава.

Како независна и самостојна држава, на 8 април 1993 година, Македонија е примена како **рамноправна членка во ООН** (Организација на обединетите нации).

Значаен настан за македонските граѓани е и **визната либерализација** со која на нашите државјани им се овозможува да патуваат во земјите од Европската Унија без визи.

**Сувереност** – самостојно донесување на одлуки во внатрешните работи на земјата и односите со другите држави.

**Референдум** – претставува демократско изјаснување на граѓаните за одредено прашање значајно за државата.



**Собир по повод прогласување на независноста на нашата држава во 1••1• година**



**Гласачко место**

На часот по македонски јазик изработете писмен состав на тема:

„ Како беше формирана мојата држава“

# ПРОЕКТНА НАСТАВА

Со вашиот наставник подгответе се за проектна настава!
Изработете истражувачки проект на тема:

## "МАКЕДОНИЈА НИЗ МИНАТОТО"

Не го заборавајте кругот на правила!
Дискутирајте и осознајте ги фазите на проектот!
Искористете ги претходните знаења, искуства, но и желбата за стекнување нови!



# ШТО НАУЧИВМЕ

Сигурно, собирајќи материјали, слушајќи на час и решавајќи ги задачите во работните листови веќе си научил. Овие задачи се само да си ги провериш своите знаења и да си дополниш таму каде ти е потребно. Задачите се решаваат според наставните содржини, не на еден час.

На нема карта на Република Македонија: **обележи, именувај, запиши, означи, утврди и заклучи :**
Со црвено моливче - соседните држави и нивните главни градови!
Со сино моливче - имињата на трите котлински езера!
Со **црно моливче -** главниот град на Републиката и твоето место на живеење (запиши ги нивните имиња)!
Со дрвени боички означи го релјефот на РМ!

На географската карта **откриј**:
Каде се наоѓа Република Македонија на Балканскиот Полуостров, каде во Европа, а каде во светот?



**Наведи** кога почнала борбата за слобода во Македонија и **објасни** што претставува тој ден за Македонија.
Кога и каде е одржано Првото заседание на АСНОМ?
**Направи анализа** за значењето на Првото заседание на АСНОМ.
Искористи ги **истражувањата** и **направи анализа** за првиот претседател на македонската држава.

Од собраните материјали **направете** пано. Ако сте направиле паноа и од другите периоди од нашето минато**, подредете** ги сите под еден наслов: **ВРЕМЕПЛОВ.**




КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

КРАЛСТВО
ЦАРСТВО
ИМПЕРИЈА

ТАТКОВИНА
РЕПУБЛИКА
ДРЖАВА
МЕТРОПОЛА

**Македонска држава на чело со цар Самуил**

Изработи хронолошка лента на македонското минато по одделни периоди. Продолжи како што е започнато.

# ДРЖАВНОТО УРЕДУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Активности:**

Преку техниката **„бура на идеи“** научете повеќе за државното уредување на Република Македонија!





**Каква држава е Република Македонија?**

**Демократија** е вид на општествено уредување во кое граѓаните на јавни избори, со тајно и непосредно гласање избираат свои претставници во Собранието. Значајно за едно демократско општество е почитувањето на правата, слободите и обврските на граѓаните.

Со **Уставот на Република Македонија** организацијата на власта се заснова врз принципот на поделба на:

- **законодавна**
- **извршна**
- **судска**

**Собрание на Република Македонија**



**Собрание на Република Македонија**




**Устав на Република Македонија**

Собранието е носител на законодавната власт во Република Македонија за период од четири години.

Собранието на Република Македонија го сочинуваат 120 (сто дваесет) **пратеници**, избрани од народот.

Собранието го донесува Уставот, донесува закони, ја избира Владата на Република Македонија, избира судии итн.






**Игра**:„Изберете пратеник од вашето одделение“
Формирајте 3 групи! Секоја група нека предложи претставник! Претставниците на групите нека изнесат свои аргументи за што би се залагале и што би направиле како пратеници! Потоа гласајте кој од нив ќе ве претставува.



**Владата на Република Македонија**





**Владата на Република Македонија** е носител на извршната власт во државата. Владата ја избира Собранието на Република Македонија по предлог на мандатарот определен од претседателот на Републиката. Владата ја сочинуваат претседател на Влада и министри. Владата ги извршува Законите што ги донесло собранието, му предлага на Собранието закони и други прописи, одлучува за признавање на држави и влади, воспоставува дипломатски односи со други држави и др.

## Претседател на Република Македонија

**Претседателот на** Република Македонија ја претставува Републиката во земјата и странство. Тој е врховен командант на вооружените сили на Република Македонија. Уставот на Република Македонија предвидува избор на претседател на државата на општи и непосредни избори, со тајно гласање, со мандат од пет години.

Претседателот на државата мора да биде државјанин на Република Македонија.

Подготви се! Симулирај игра!
**Јас сум судија за малолетници!**



**Судијата ги штити законите и законски пропишаните права и обврски.**

**Суд на Република Македонија**



**Основен суд – Скопје**

**Судот** е носител на судската власт.

Судовите се институции за заштита на Уставот, законите и човековите права и должности.

**Активности:**
Посетете го најблискиот суд во местото на живеење!
Направете интервју со судија!
Дознајте нешто повеќе за судовите и работата на судиите!
Соберете ги податоците, а потоа реферирајте во одделението.



## ШТО НАУЧИВМЕ

Како се градела нашата татковина по Втората светска војна?
Кога Македонија станала самостојна држава?
Кои значајни настани во нашата земја се случиле од осамостојувањето?
На кој начин граѓаните на Република Македонија се изјаснија за самостојна, независна и суверена држава?
Кои се најважни државни институции во Република Македонија?
Како се избира претседател на државата?
Која е главната задача на судовите во државата?



# НАСЕЛЕНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



**Направете истражувања за**:

Населението во твојата зграда или во твојата улица, според возраста (деца, возрасни), половата структура (машки, женски) и добиените податоци внеси ги во табела и анализирај ги!



**Населението** на една држава го сочинуваат луѓето кои живеат на нејзината територија. Бројот на населението се утврдува со организирање на попис на секои десет години.

Бројот на населението во Република Македонија постојано се менува. Тоа може да се заклучи од статистичките податоци добиени од пописот на население. Последниот попис се изврши во 2002 година. Според податоците од пописот на населението во Република Македонија живеат околу два милиони жители.



**Структура на население**

Населението во Македонија е класифицирано според:

– **половата структура;**

– **старосната структура;**

– **етничката структура;**

**Половата структура** претставува соднос меѓу машкото и женското население во даден простор.

Во Македонија преовладува машкото население, наспроти женското.

**Половата структура е важна компонента од која зависи природниот прираст на населението.**

**Старосна структура на населението**




**Старосната структура** ја претставува застапеноста на возрасните групи**.**

Населението се дели на:

– **младо** население -до 19 години;

– **зрело** население -од 20 до 65 години ;

– **старо** население над 65 години.

## Етничка структура

Во Република Македонија живеат македонскиот народ како и делови од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и други.

Деловите на другите народи кои што живеат во Македонија се **етнички заедници.**

Секоја етничка заедница има свои белези како што се: народните носии, обичаи, преданија, предмети, верски обреди и слично. Сите граѓани во Република Македонија имаат еднакви права независно од полот, верата, бојата на кожата, националната припадност, имотната состојба итн.



**Македонски носии**



**Албански носии**



**Турски носии**

Македонци живеат и во соседните држави како и во многу европски и прекуокеански земји. Македонците во светот го негуваат своето културно наследство и традициите.



**Ромски носии**



1. Направи извештај од истражувањето, состави албум и презентирај пред одделението!

# СТОПАНСТВОТО И СТОПАНСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дознај каде и што работат твоите родители и возрасните што те опкружуваат.
Во која стопанска гранка спаѓа нивната работа.
Разговарај за природните ресурси на Република Македонија за развитокот на стопанството.
Колку се важни климата и релјефот на една земја за развиток на стопанството?
Објасни ги зборовите: **ресурси, стопански дејности** (побарај во речник, во енциклопедија или од родителот).
Побарај слики и текстови од разни стопански гранки (фабрики, хидроцентрали, бањи, оранжерии...).
Посети ја метеоролошката станица и разговарај за климата во Република Македонија и за можностите за развиток на стопанството.





**Стопанство** е целокупната смислена човекова дејност чија цел е производство, распределба, размена и потрошувачка на материјални добра на дадено подрачје и на одреден степен на развој.
Стопанството се одликува со неколку развојни периоди и тоа: до Втората светска војна, по Втората светска војна и во суверена Република Македонија.

**Стопански дејности** се оние дејности што учествуваат во создавање на материјални богатства, односно предмети, храна, облека и друго и се наменети за продажба. Стопанските дејности се делат на примарни, секундарни и терцијарни.

Во Република Македонија се застапени следниве стопански дејности:

– **примарни** дејности: земјоделство, сточарство, шумарство, пчеларство, лов и риболов;

– **секундарни** дејности: рударство, индустрија, енергетика, производното занаетчиство и градежништво;

– **терцијарни** дејности: услужно занаетчиство, сообраќај, трговија , занаетчиство и туризам.

**Ресурси** се природни богатства кои нудат можности за развиток.

Развитокот на стопанството во една земја зависи од следниве фактори: **климата, богатството со вода, шуми, рамнини, рудно богатство, историски и природни убавини...**

**Нашата земја има поволни услови за развиток на повеќе стопански дејности.**



**Фабрика за производство на лекови**



**Фабрика за преработка на нафта**

**Секоја од овие стопански дејности има свои гранки.**

**Внимателно разгледај, размисли и донеси свои заклучоци за присутноста на некоја од овие стопански гранки во твоето место на живеење.**



## Влијанието на природните фактори во развитокот на стопанството





Презентирај ги сознанијата што ги доби од посетата на метеоролошката станица!
Каква е климата во твојот крај, а каква во Република Македонија?
Кои ветрови дуваат во твојот крај, а кои во Република Македонија?
Што кажаа метеоролозите за наредните денови?

### Метеоролошки билтен за денес – четврток

**Скопје 8 С**     **Гевгелија *15 С***     **Берово *4С***





**Климата** е важен услов за развој на многу стопански дејности.

Во Република Македонија има **умерено - континентална клима** – умерено топли лета и умерено ладни зими. Климата не е иста во сите делови од Републиката. Колку се поблиску до море ( Гевгелија, Дојран, Струмица...) пределите имаат поблага клима.

Местата крај реката Вардар имаат постудена клима, а на планинските предели има планинска клима. Средните годишни температури опаѓаат од север кон југ.

Најчести ветрови во Република Македонија се: Југо, Вардарец и Северец.

Во зависност од климата развиено е и земјоделството (рамнините) и сточарството (планините). Поволната клима овозможува услови за разновидни култури во Струмичко – радовишката и во Гевгелиско–валандовската Котлина.

**Водата** е фактор кој директно влијае врз стопанството.

## Рудното богатство – фактор во развитокот на стопанството

Пронајди слики и напиши за рудните богатства во Република Македонија.
Дознај дали има некој рудник во твојот крај и каква руда се вади.
Побарај збирка на руди од училиштето и запиши ги: името на рудата, бојата, тежината... и од каде потекнува. Користи ја картата на Република Македонија.




**Рудник за бакар-Бучим, Радовиш (бакарна руда)**


**Вадење на мермер - Прилеп**

Рудните богатства се фактор од кој зависи развојот на рударството и развојот на индустријата. Македонија е богата со разновидна руда: **јаглен** (Битолско, Кичевско, Мариовско); **оловно-цинкова руда** (Осоговските Планини); **бакарна руда** (Бучим кај Радовиш). Во составот на бакарната руда има и **злато, сребро, антимон** (Кавадаречко).

Во Република Македонија луѓето се занимаваат со **рударство,** односно со преработка на рудата – **тешка индустрија**.

## Релјефот и развитокот на стопанството



Потсети се за релјефот на Република Македонија!
Според бојата на картата пронајди ги и рамнините!




Македонија е планинска земја. Поголеми планини во источниот дел на земјата се: Осоговските Планини, Огражден, Малешевските Планини и Беласица...

Во западниот дел на татковината се планините: Шар Планина, Бистра, Кораб... Луѓето што живеат во планинските предели се занимаваат најмногу со **сточарство** и со преработка на месо, млеко и волна.

Помеѓу планините во Република Македонија има и рамнини. Најголеми рамнини се: Пелагонија (житница на Македонија), Полог, Тиквеш, Овче Поле, Скопска Котлина, Гевгелиско – валандовската Котлина.

Луѓето што живеат во рамничарските делови се занимаваат со **земјоделство** и со преработка на зеленчукови и на овошни плодови.

Со преработка на сточарските и земјоделските производи се развиваат **прехранбената, кожарската и текстилната индустрија.**

# ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Изработи **туристичка понуда**!
Цел на патувањето: **Запознај ги убавините на Македонија**
План за посета на: археолошки наоѓалишта, културно- историски споменици, присуство на некоја културна манифестација, природни атракции...

## ЈАС ГО ЗАПОЧНАВ МОЕТО ПАТУВАЊЕ

Градот **Охрид** е **бисер** на Балканот. Со својата традиционална архитектура е на листата на **УНЕСКО** за културното и природното наследство. Охрид бил лулка на словенската писменост. Таму се наоѓа престолнината на македонскиот цар Самуил, римскиот амфитеатар, цркви и манастири, Националниот музеј, охридските бисери ...



**Охрид – Охридско Езеро**



**Маврово**

**Мавровското Езеро** иако вештачко, сепак плени со својата убавина посебно кога се гледа од скијачките терени на планината Бистра. Езерото нуди многу можности: риболов, кампување, прошетки...
Националниот парк Маврово изобилува со ретки растителни и животински видови.

**Галичник** со својата автентична архитектура, со богатото културно наследство, негување на народните обичаи - Галичка свадба и со живописната природа претставува туристичка атракција.



**Галичка свадба**



Езеро Матка



Крушево – етноград

Клисурата Матка е позната како клисура на пеперутките, со над седумдесет ендемични видови дневни и ноќни пеперутки, повеќе ендемични видови на пајаци, ендемични растенија и друго.

Изработи туристичка карта на Република Македонија! Таа ќе ти помогне во патувањето.

**Туризам** е стопанска гранка што е насочена кон организирање патувања и привремено сместување. Луѓето патуваат за одмор, од забава, за рехабилитација, за посета на културни и спортски настани, природни атракции, историски споменици.

Во Република Македонија развиени се **планинскиот, езерскиот и речниот** туризам. Постепено се развива и **селскиот туризам**. За многу домашни и странски туристи интересни се и многубројните **пештери**, национални паркови, брзите планински реки, историските **споменици и археолошки наоѓалишта**, **природните реткости...**

Туризмот е важна гранка во стопанството во нашата земја. Најголемо туристичко подрачје е крајбрежјето на Охридското Езеро, а потоа и Преспанското Езеро и Дојранското Езеро.

Од зимските и планинските туристички центри најзначајни се: Попова Шапка на Шар Планина, Маврово на Бистра, Стрежево и Копанки на Баба, Крушево на Бушева Планина, Берово на Малешевските Планини и други.

Речниот туризам се одвива покрај реките. Таму сретнуваме спортски риболовци... На брзите води на реката Треска се одвива **кајакарскиот спорт** или **кајак на диви** води.

Во Македонија има и пештери (**Момичек – Македонски Брод**...), археолошки наоѓалишта (**Хераклеја, Стоби, Скупи**...), природни реткости (**Кокино**...) итн.

Во почетокот од тебе се бараше да собереш материјал за убавите места во твоето место и оние во Република Македонија. Материјалот искористи го сега. Изработи **проект** на тема: **Туристичките локалитети во мојата татковина.**
Работи самостојно или во група.

# ШТО НАУЧИВМЕ



Од што зависи која стопанска гранка ќе биде развиена во една земја?

На кои стопански гранки влијае климата?

Кои ветрови дуваат во Република Македонија? Во кој дел на државата дува Вардарецот?

Кои рудни богатства ги има во нашата држава?

Која индустриска гранка се развива со преработката на рудите?

Како влијае релјефот на земјиштето за развитокот на стопанството?

Кои се поголеми планини во Македонија?

Која стопанска гранка е развиена во планинските предели?

Кои се поголеми рамнини во татковината?

Кои стопански гранки се развиени во рамничарските предели?

Кои индустриски гранки се развиваат со преработка на сточарските и на земјоделските производи?

Кратко опиши сè што знаеш за туризмот.

Објасни на какви места се развива туризмот.

Именувај ги најпознатите зимски спортски туристички центри во Македонија.

# КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ И ИНСТИТУЦИИТЕ НА КУЛТУРАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Култура** е сè што создало човечкото општество и што постои како последица на телесниот и умствениот труд на луѓето. Културата е сложена целина и се состои од три меѓусебно поврзани делови:

**материјална култура**

**духовна култура**

**национална култура**

**Активности:**
Направете истражување, осознајте и дискутирајте што сè ја сочинува културата како одлика на човекот!



Посети ја најблиската библиотека во местото на живеење и дознај нешто повеќе за начинот на собирање, чување и издавање на книгите!

**Библиотека** е институција во која се собираат, средуваат и чуваат книги што се даваат на користење на членовите на библиотеката. Во библиотеките, освен книги, има весници, ревии и други списанија, а можат да се најдат и музички снимки, слики, филмови, мапи и слично.



**Универзитетска библиотека - Скопје**



**Сцена од театарска претстава**

**Театар** е вид на сценска уметност што се занимава со изведба на драмски текстови пред публиката со помош на говор, гестикулации, музика и слично. Во театарската уметност спаѓаат и куклените претстави, операта и балетот.

**Опера** е музичко сценско дело кое во себе соединува повеќе уметности: музика, балет, вокална изведба и ликовна уметност преку декор и костими.

**Балет** е музичко сценско дело во кое танцот се користи како изразно средство и е придружуван од оркестар кој изведува класична музика.



**Балетска изведба во Македонскиот народен театар**

Запознајте се со репертоарот на најблискиот театар и организирајте **посета на театарска претстава!**

Интернационалниот фестивал на филмска камера **„Браќа Манаки“** се одржува секоја година во Битола. Фестивалот е од натпреварувачки карактер во областа на филмската уметност.

**Кино** е простор каде што се прикажуваат филмови преку проектор на филмско платно. Кино-салите најчесто се слични на театарските. Киното може да има и повеќе сали во кои се прикажуваат различни филмови.

При посета на културните установи многу е важно да ги почитуваш правилата за убаво однесување, да ги почитуваш изведувачите, како и останатата публика, а тоа значи да се однесуваш примерно.

Во Република Македонија творат истакнати дејци, како што се писатели, поети, ликовни и музички уметници, режисери, научници.

**„ Охридско лето”** е една од најзначајните културни манифестации во Република Македонија која достоинствено ги претставува културните вредности на нашата држава на Европа и на светот.

**Задача:**
Пронајдете податоци за значајни личности од областа на литературата и уметноста.



**Струшки вечери на поезијата**

**„ Струшки вечери на поезијата ”** претставува светски поетски собир на кој се доделува најголемото признание за поетска дејност – **„Златен венец”** и наградата **„Браќа Миладиновци’’** за најдобра поетска книга од македонски автор меѓу два поетски фестивала.

**Истражувај** и дознај кои други културни манифестации се одржуваат во Република Македонија!

# РЕЛИГИИТЕ И ВЕРСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Разговор на тема - Како моето семејство ги одбележува големите верски празници? Користејќи ја техниката ЗСУ(знам, сакам да знам, учам) откриј за религиите и верските заедници!

| **ЗНАМ**<br>Што мислиме дека знаеме за религиите и верските заедници? | **САКАМ ДА ЗНАМ**<br>Што сакаме да научиме? | **УЧАМ**<br>Што научивме? |
|---|---|---|
| | | |



**Соборен архиепископски храм „Свети Климент Охридски“**

**Библија**



**Католичка црква**

**Џамија**



**Куран**

**Религија е** верување во натприродни суштества кон кои верниците имаат посебни чувства, практикуваат ритуали и обреди, почитуваат одредени симболи и се организираат во религиски организации.

Во Република Македонија доминираат христијанската и исламската религија.

Христијанската религија е базирана врз животот, учењето и делата на Исус Христос. Во рамките на христијанството постојат православната вера, католичката вера и протестанството.

Православните христијани  се организирани во Македонската православна црква   Охридска архиепископија. Дел од христијанските верници се организирани во Католичка црква, Евангелско-методистичка црква и други помали верски заедници.

Припадниците на исламот веруваат во Алах, а Мухамед е пророк, и се организирани во Исламска верска заедница во Република Македонија. Верски објекти се џамии и медреси. На оваа верска зедница главно ѝ припаѓаат верниците Албанци, Турци, Бошњаци, Роми и Македонците муслимани.

Заедничко за сите религии се убедувањата за: **мир, слога, љубов, да се помага на болните, слабите и сиромашните, да не се нанесува болка на луѓето околу нас.**

Во Република Македонија има припадници и на еврејската религија. Тие се организирани во Еврејска верска заедница.



**Евангелиско-методистичката црква**



**Синагога**

# ШТО НАУЧИВМЕ?



Како го разбираш зборот **култура?**
Кои културни установи ги има во твоето место?
Како треба да постапуваш за да имаш квалитетен културен живот?
Опиши го твоето однесување при посета на културна установа!
Што значи изразот **верска заедница?**
Објасни го зборот **религија!**
Кои религии се најзастапени во Република Македонија?
Наброј ги основните разлики меѓу христијанската и исламската религија и религиозните објекти!
Што поучуваат сите религии?



**Истражување**
Најголемите верски празници на верниците во мојот крај.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секој човек има свои права, но  и должности, кон самиот себеси, кон другите луѓе во заедницата, без разлика на уверувањата и верата, кон Законите и кон Уставот на државата.

**Човекови права** според законите во нашата земја, а и според Европската конвенција за човекови права се:

1. **Право на слобода** (ако не згрешил по законот).
2. **Право на живот** (никој не сме намерно да биде лишен од живот).
3. **Да не е малтретиран** (никој не смее да биде мачен или понижуван).
4. **Право на слобода и сигурност.**
5. **Секој има право на правично судење.**
6. **Право на почитување на приватен и семен живот.**
7. **Слобода на уверение, совест и религија.**
8. **Слобода на изразување.**
9. **Право на брак.**
10. **Право на лекување и лекарства.**



**Правата што сакаш да ги имаш дозволи да ги има секој, само така ќе бидеш среќен!**



Изработи Т – табела со правата и со должностите на граѓаните на Република Македонија.

# ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО



## ЌЕ РАЗГОВАРАМЕ ЗА:

- како го поминуваш слободото време и со кого;
- личност и група;
- причини за егоизам;
- солидарноста како доблест на личноста;
- зошто семејството е важен фактор за развој на личноста;
- причини за девијантно однесување;
- твоето добро и лошо однесување.

## ЌЕ УЧИМЕ ЗА:

- личниот и групниот живот;
- социјализација на личноста;
- солидарност и егоизам;
- фактори на социјализација;
- девијација и девијантно однесување;
- правилата на однесување во средината и должностите;
- човекови права и должности;
- конликт и решавање на конфликтот.



## ТВОЈА ЗАДАЧА ЌЕ БИДЕ:

- да изработиш плакат за егоистични постапки и Т- табела во која ќе ги изнесеш своите ставови;
- да изработиш есеј на тема "Групата во која припаѓам";
- да напишеш состав на тема "Мојата солидарност насмеа многу лица";
- да истражуваш за детската амбасада, нејзините цели и задачи.



# ЛИЧНИОТ И ГРУПНИОТ ЖИВОТ

Опиши се себе!
Што најмногу ти се допаѓа кај себе, а што би сакал/сакала да промениш?
Што подразбираш под поимот личност?
Дали можеш да живееш и напредуваш сам како единка?





Јас сум посебен/посебна и се разликувам од другите! Имам свои лични особини, способности и карактеристики, како и нешта што би сакал/сакала да ги променам..

Јас сум личност и се разликувам од другите според моите физички, социјални и психички особини!





**Личност** е збир на сите особини (физички, психички, социјални) кои го прават човекот посебен. Врз формирање на личноста влијаат**:** наследството, средината, семејството, училиштето и групата врсници.

**ИГРА**

**Неколку деца се држат за раце и формираат круг! Еден ученик доброволно се јавува да влезе во кругот на кој било начин. Но, целта е членовите од кругот цврсто да се држат за рацете и да не дозволат кругот да се раскине. Ова е само игра, но како се чуствуваа членовите од кругот? Како се чувствуваше ученикот кој доброволно се пријави за да на кој било начин влезе во кругот?**

## ШТО ПРЕТСТАВУВА ГРУПАТА?

Биди дел од групата,
но почитувај ги
своите можности,
потреби, идеи,
вредности и желби!



## КАКО ГО МИНУВАШ СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ?



**Припаѓам на одредена група**

Сите ние имаме потреба да припаѓаме во група, да се дружиме и да бидеме заедно со други луѓе. Многу е непријатно чувството кога сакаме, а не можеме да бидеме дел од групата. Секојдневно нашиот живот го поминуваме со одредена група – со нашите врсници, со родителите, со пријателите, со роднините и сл. Во семејството, училиштето, училишниот двор, улицата, паркот и на други места го минуваме нашето време. Во групата ние играме, разменуваме информации, мисли, идеи, чувства, поддршка и другаруваме.



Во групата мојата личност може да дојде до полн израз.

Групата ме почитува, цени, охрабрува и многу сум посигурна во своето однесување.

Групата ме штити од надворешен притисок, се чувствувам безбедно.

Чувствувам блискост и искреност од врсниците. Улогите во групата се различни.

Постојат **формални групи.** Такви се училиштето, училишните секции, спортските клубови и итн. Во формалните групи е многу важно да постојат однапред определени улоги за членовите во групата за да може групата да функционира и успешно да ги извршува задачите.

**Замислете како би изгледало играњето фудбал без однапред определени улоги?**

Постојат и **неформални** групи. На некои од нив им припаѓаме и ние самите. Како што е групата врсници, групата љубители на ист вид музика или храна, група на постари браќа и сестри и слично.

Многу е важно да се почитуваат правилата во групата. Правилата треба да нè водат кон целта што сакаме да ја постигнеме. За да ја постигнеме целта треба да знаеме кои активности да ги преземеме. Исто така треба да се почитува мислењето на секој член во групата и секој член да биде одговорен за остварување на целта.



**Групата во која сакам да бидам**



**ШТО НАУЧИВМЕ?**

1. Што е личност?
2. Кои се формални групи?
3. За кои групи велиме дека се неформални? Зошто?
4. Која улога во групата најдобро ја чувствувате на часовите во училиште?

**Активност: изработка на есеј**

Размисли, побарај литература, консултурај се со повозрасните и изработи краток **есеј** според дадениве прашања:
Како се создаваат групите?
Што е тоа што ги мотивира луѓето да се здружуваат ?
На кој начин комуницираат луѓето во групата?
Колку видови на групи постојат и каква е разликата меѓу нив?
Зошто е значајна активноста во група?

# СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА



**ДЕБАТА:**
Прочитајте ги прашањата, дискутирајте, и заземете свој став по однос на прашањата!
Што значи за тебе зборот солидарност?
Дали си ти солидарен? Кога?
Како се однесуваш кога во твоето друштво имаш другарче кое не сака да споделува ништо со тебе и дава отпор? Дали си се однесувал некогаш така? Зошто?
Што би направил кога некој ќе побара помош од тебе? Дали секогаш чекаш да ти побараат помош или точно знаеш да процениш кога некој очекува твоја поддршка? Објасни!




**Општеството е организирана заедница на луѓе во која тие создаваат материјални и културни добра и живеат според определени правила.**

Однесувањето на личноста во групата зависи од степенот на социјализација.



**Социјализација на личност во група**

**Социјализацијата** претставува процес каде личноста го учи и усвојува начинот на однесување во општеството, групата и така се оспособува за живот во неа. Притоа, ги задржува своите лични особини. Тоа учење се остварува преку заемна поврзаност помеѓу членовите во едно општество.Социјализацијата започнува во семејството и се одвива во текот на целиот живот.



Личноста во група постигнува подобар успех. Тоа е така поради заедничките напори на членовите во групата. Во групата се развива чувството за другарство, **солидарност,** пријателство.
Кога членовите си помагаат во групата станува збор за **солидарност.**
**Солидарноста е позитивна особина.**

Доколку детето не е доволно социјализирано и ги задоволува само сопствените потреби и интереси, а не ги почитува интересите на другите, станува збор за појава која се нарекува **егоизам.**

**Работа во групи**
Разговарај за различни постапки при егоизам и солидарност, а потоа изработи плакат и презентирај го пред одделението!



Својот став во однос на прашањето внеси го во Т- табела ! **Дали го оправдувате егоизмот?**



**Се согласувам, затоа што...**



**Не се согласувам, затоа што...**

**Јас сум за СОЛИДАРНОСТ!**





## ШТО НАУЧИВМЕ

1. Што е социјализација?
2. Кога започнува процесот на социјализација?
3. Дали ти се чувствуваш социјализирано? Аргументирај!
4. Кои карактеристики ги има недоволно социјализираната личност?
5. Објасни го поимот солидарност и егоизам!
6. Направи споредба помеѓу солидарноста и егоизмот!

На часот по **македонски јазик** напиши состав одбирајќи еден од следниве наслови:
Мојата солидарност ја врати насмевката на многу лица
Егоизмот ја уништува љубовта во мене



# ФАКТОРИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

## (семејство, група врсници, училиште, мас-медиуми)

Размисли:
Кои се факторите на социјализација?












**Соработка ученик- наставник-родител**

**Семејството** е основата каде се формира личноста на детето. Тоа има големо значење во изградување на здрава и творечка личност во општеството. Семејството е првата, најприродната и најнепосредната социјална средина во која личноста го започнува својот живот и развиток. Љубовта и сигурноста што децата ја добиваат во семејството не може да ја замени никој друг. Чувството за безбедност и сигурност што им го дава семејството на децата влијае на нивниот правилен развиток. Во оние семејства каде што постои љубов, срдечност, меѓусебна човечка комуникација, почитување, заемно помагање, децата се развиваат нормално, со чувство на безбедност, емотивно се постабилни.

**Родителот за развојот на детето претставува модел со кој тоа настојува да се идентификува.** Многу е значаен и културниот амбиент во семејството, каде детето ќе стекнува културни вредности (ликовна уметност, книга, театар, музика итн).



**Училница**

**Групата врсници** е неформална група. Исто така и таа е еден од факторите на социјализација.
**Групата врсници може да влијае позитивно или негативно врз социјализацијата на личноста со своите постапки и однесување.**

КАКО ГРУПАТА ВРСНИЦИ ВЛИЈАЕ ПОЗИТИВНО, А КАКО НЕГАТИВНО?

**Училиштето** е институција во која секој член на групата може да се докаже себеси како личност која нешто значи пред себеси и пред другите. Тоа е еден од факторите на социјализација.

Во одделението стекнуваме знаења, развиваме позитивни навики, почитуваме правила на однесување и се дружиме.

Низ процесот на образованието и воспитувањето на учениците треба да се дејствува на градење позитивен став кон општеството, училиштето, родителите и генерацијата. За подобри резултати на одделението придонесуваме преку индивидуалниот успех.



**Училиште**



**Мас- медиумите како еден од факторите за социјализацијата на личноста**

Техника – бура на идеи, поим мас -медиуми.



**Средствата за масовно влијание** или за комуникација како што се: радиото, теливизијата, печатот со своите различни содржини и методи, имаат цел да информираат и да влијаат врз однесувањето на личноста. Исто така, тие влијаат врз изградувањето на ставовите, мислењата и погледите за општеството, за природата или за животот.

Треба да се има предвид дека средствата за масовно информирање во определени ситуации имаат посилно влијание врз формирањето на личноста отколку другите фактори.
**Биди информиран, но внимавај како ги примаш информациите!**




**Дневен печат**





**МРЕЖА НА ДИСКУСИЈА**

| Објасни го позитивното влијание | **Мас-медиумите може да влијаат позитивно или негативно врз формирањето на личноста.** | Објасни го негативното влијание |
|---|---|---|
| | | |



1. Кои мас-медиуми најчесто ги користиш?
2. Колку често ги користиш мас-медиумите?
3. Направи анкета со 20 испитаници ( твои врсници) на најгледани ТВ-серии!



**Применете ја техниката КОЦКА!**
**Поделете се во шест групи!**
**Размислете, разговарајте, консултирајте се и соработувајте меѓу себе во групата**. Почитувајте го туѓото мислење, а изнесете го своето.
Треба да изнесете што повеќе образложенија со кои ќе ги оправдате своите!



**Прва група**:
**(** општо**)**

**Фактори на социјализација**



**Петта група**:
**(**примени**)**

**Каква е улогата на факторите врз развојот на личноста?**

**Втора група:**
(спореди **)**

**Спореди ги училиштето и групата врсници!**

**Шеста група**:
**(**дискутирај**)**

**Зошто факторите на социјализација се важни за личноста?**



**Трета група**:
**(**асоцирај**)**

**Семејство-дом, топлина, љубов, толеранција..**



**Четврта група**:
**(**анализирај**)**

**Придобивки од факторите за социјализација ...**



**Работа во парови**

Учениците градат свои ставови за претходно гледан филм.

**Работа во групи - се делат во три групи:**

**ДА, НЕ, ВОЗДРЖАНИ.**

2-3 пара ги споделуваат своите аргументи.

Учениците внимателно слушаат и заземаат еден став (ДА, НЕ). Доколку има воздржани остануваат во средината, оние што се определиле за ДА остануваат на една страна, а за НЕ на другата страна. Учениците од заземените страни со најсилни аргументи дискутираат и за тоа време може да дојде до промена на ставовите. По дебатата секоја група определува по едно лице кое ќе го заврши излагањето на групата.

## ШТО НАУЧИВМЕ?



1. Што е семејство?
2. Како треба да функционира едно семејство?
3. Кои се основните фактори на социјализација?
4. Како влијае групата врсници врз формирање на личноста?
5. Зошто училиштето е значаен фактор за социјализирање на личноста?
6. Објасни какво е влијанието на мас-медиумите врз социјализацијата?
7. Кој е најважниот фактор на социјализација? Зошто?



# ДЕВИЈАЦИЈА И ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА



Разгледај ги внимателно сликите!
Што забележуваш?
Зошто децата се во таква положба? Која е причината за тоа?
Дали сте биле сведоци на некое насилство?





**Девијантно однесување**

Врз формирањето на личноста негативно влијание имаат:

- недоволната родителска љубов и пасивното родителско однесување;
- конфликтите меѓу родителите;
- преголемата строгост кон децата или давање преголема слобода;
- физичкото малтретирање на децата;
- недоволните семејни финансии;
- одвоеноста од родителите итн.

Ако преовладаат овие негативни влијанија, ќе се јават нарушувања во семејните односи, а со тоа семејството на детето не ќе може да му овозможи топлина, хармоничен живот, така што детето доживува трауми и пречки во неговиот развој. Тогаш доаѓа до отстапување од општествените и од културните правила. Овој процес се нарекува **девијација**, а однесувањето на личноста **девијантно однесување.**



Девијантни однесувања се криминалот и наркоманијата.

**Криминалот** е отстапување од општествените норми. Лицето кое дејствува спротивно на законот и на Уставот во сопствена корист извршува криминал.

**Наркоманијата** е, исто така, девијантно однесување и таа подразбира земање дрога. Дрогата е опасна по животот на човекот. Таа го уништува човечкиот живот. Наркоманијата е поврзана со криминалот.

СПОРТУВАЈ И ЖИВЕЈ ЗДРАВО!

СТОП ЗА ДРОГАТА!

ДРОГАТА УБИВА!



1. Што е девијација?
2. Која е причината за девијантното однесување?
3. Дали знаете што е тоа СОС телефон?
4. Што би направил доколку твојот најдобар другар девијантно се однесува?



Дискусија по гледан документарен филм - **Дрогата убива.**

Изработи пано од фотографии, текстови и други илустрации при што ќе ги класифицираш разните девијантни појави!

# ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ВО СРЕДИНАТА И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТИТЕ



Преку методот на дијалог разговарајте за правилата на однесување и нивното почитување.
Издвој ги правилата кои се спроведуваат во твоето одделение!
Кои казни ги применувате при непочитување на правилата?



Животот во општеството е уреден според правила на однесување. Без постоење јасни и однапред дефинирани правила не би можеле да се изведат многу активности. **Правилата** овозможуваат услови за непречено одвивање на активностите. Тие еднакво важат за сите. Доколку не се почитуваат правилата или дојде до нивно прекршување, следуваат казни.
Задачата што треба да се заврши е **должност.** Должностите треба да ги извршуваме, а правилата да ги почитуваме.

**Правила на убаво однесување во општествената средина**

- Секогаш биди насмеан, љубезен,одговорен, совесен, добронамерен!
- Помагај им на старите и на болните луѓе.Не навредувај никого!
- Не доцни! Навреме доаѓај во училиште!
- Биди верен другар и добар пријател!



- Биди внимателен соговорник!
- Одржувај ја хигиената во училницата и чувај го инвентарот!
- Биди одговорен, внимателен и активен! Биди толерантен!
- Не фрлај отпадоци! Не ги крши дрвцата! Одржувај го зеленилото!



**Должности (размисли и продолжи)**

Постапувај според правилата на живеење во училиште, дома, во играта.

Чувај ја животната средина и околината во која живееш.

Почитувај ги разликите на другите.

Сакај ја и  почитувај ја својата татковина.

## ШТО НАУЧИВМЕ?



1. Како е уреден животот во општеството?
2. Што овозможуваат правилата?
3. Што се тоа казни и кога ги применувате?
4. Доколку во вашата училница нема правила за убаво однесување, сите заедно (учениците) формулирајте ги и договорете се за санкциите за нивно непочитување.



# КОНФЛИКТОТ И НЕГОВОТО РЕШАВАЊЕ

Разговарај за твоето добро и за твоето лошо однесување.
**Бура на идеи**: Разгледај ги внимателно сликите и разговарај на што ти асоцираат.
Кој збор ве асоцира на конфликт?

Изработи Т табела за ...

| Моето добро однесување | Моето лошо однесување |
| --- | --- |
| | |







**Расправија со можни последици**



Зборот конфликт означува судир, расправија, борба, примена на сила и насилство.



**Вербален конфликт**

Да се живее во општествената средина значи секојдневно да се комуницира со луѓе кои имаат различни карактери. За да има конфликт потребни се минимум двајца.

И двете страни со своето однесување влијаат врз конфликтната ситуација со своите спротивставени мислења, обвинувања, навредувања, закани. Доколку не се разреши конфликтот, се нарушуваат добрите односи меѓу луѓето.

Сите ние имаме различни идеи, можности, желби и потреби (од сигурност, од љубов и пријателство, од почитување, потреба за храна, за самодокажување и многу други потреби). Кога ни се задоволени потребите, ние се чувствуваме среќни и задоволни. Спречувањето на остварување на потребите доведува до конфликт.

Постои вербален конфликт и конфликт со примена на сила и насилство.

Направете симулација на конфликтот преку **играње на улоги**, како и негово разрешување.

**Прва група:** Како ќе реагираш ако некој намерно те удри? Ако дојде до конфликт, како би го решил?

**Втора група:** Учениците имаат задача преку допир на предметот, без да го видат, да го опишат и да кажат за кој предмет се работи. Доколку има спротиставени мислења, како би го решиле конфликтот?



**Методи на разрешување на конфликти**

Еден од начините за разрешување на конфликтот е **помирувањето.** Ако конфликтот биде решен во целост, помирувањето ќе биде успешно.
Конфликтите се постојано околу нас и ние во секојдневниот живот не можеме да ги избегнеме. Но затоа треба да бидеме пред сѐ толерантни, попустливи, да научиме да се справуваме со конфликтите и да тежнееме кон нивно решавање, секогаш преку разговор.
**Толеранција** значи трпеливост, почитување на различностите кај луѓето, почитување на луѓето.



**Подај рака за да го избегнеш конфликтот**

## ШТО НАУЧИВМЕ?



1. Што е тоа конфликт?
2. Кога имаме конфликт?
3. Каков може да биде конфликтот?
4. Наброј ги методите за разрешување на конфликтите и објасни ги!
5. Кој метод за тебе е најприфатлив? Зошто?



На часот по **македонски јазик** напиши краток состав за настанување конфликт кога не е задоволена некоја потреба. Притоа дај твое решение за конфликтот.

# ПРАВАТА НА ДЕЦАТА КАКО ЧОВЕКОВИ ПРАВА

1. Потсети се за твоите права и должности.
2. Пополни ја призмата со клучен термин **човекови права и право на слобода и сигурност.**




Разговарај за твоите вредности. На лист хартија напиши ги особините (и карактерните и физичките) кои те прават да бидеш поразличен од твоето другарче.



**Односите помеѓу луѓето во едно општество се уредуваат со одредени права.** Луѓето меѓу себе се разликуваат по: бојата на кожата, родот, религиската и етничката припадност, јазикот на кој зборуваат, богатството, образованието и друго. Разликите не смеат да бидат причина за да не се дружиме. Секоја индивидуа има своја вредност. Вредностите на сите луѓе треба да се почитуваат. Сите луѓе треба да бидат **рамноправни** меѓу себе. Не треба да постои дискриминација поради бојата на кожата, родот, религиската или етничката припадност.

**Еднаквоста (рамноправноста ) се гледа во еднаквите права за сите луѓе.** Но еднаквоста не може да се одвои од **слободата. Слободата значи еднакво право за секого пред законот.** Човековите права се универзални и им припаѓаат на сите луѓе во светот.

**Универзалната декларација за правата на човекот е усвоена на Генералното собрание на Обединетите нации во Париз, на 10 декември 1948 година.**

**За најзначајни човекови права се сметаат следниве:**




УНИЦЕФ е организација при Обединетите нации која се грижи за чување, заштита и напредок на детскиот живот.

**Работа во групи :**
Секоја група добива лист хартија на кој е напишано некое право или пак самите избираат за кое право ќе разговараат од Конвенцијата за правата на децата. Групата има задача да поразговара за правото како и за начинот на неговото прекршување. Групата може да подготви и ситуација во која ќе одглуми.





Тргнувајќи од Универзалната декларација за правата на човекот, и децата ги уживаат сите права. Децата имаат свои права и одговорности, а тие се утврдени со Конвенцијата за правата на детето која едногласно е усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации во 1989 година. Република Македонија оваа Конвенција ја потпиша во 1993 година. Тоа значи дека Владата треба да се потруди секое дете во Македонија да ги има правата запишани во Конвенцијата. Училиштето треба да биде место каде што децата ќе учат за своите права и каде што се очекува нивните права да бидат заштитени.

**Права и должности на децата (размисли и продолжи)**

**Права на децата**

- Децата имаат право на образование.
- 
- Секое дете има право да живее и да се развива слободно, без насилство.
- 
- Секое дете има право да зборува на својот јазик и да си има своја култура.



**Обврски на децата**

- Редовно одење на училиште.
- Почитување на своите родители.
- 
- Грижи се за своето здравје.
- 



Почитувај го туѓото мислење.

Децата имаат право да живеат во мир и слобода.

Чувај ја и не ја загадувај животната средина.

Никој нема право да ги навредува децата.

Не ги дискриминирај луѓето околу тебе.

Детето има право на приватност.



## Децата учат ...

Ако детето живее со пофалби, ќе научи да цени.
Ако детето живее со критикување, ќе научи да осудува.
Ако детето живее со искреност, ќе научи што е вистина.
Ако детето живее со страв, ќе научи да биде плашливо.
Ако детето живее во еднаквост, ќе научи што е правдина.
Ако детето живее со толеранција, ќе научи да биде трпеливо.
Ако детето живее со охрабрување, ќе научи да биде сигурно во себе.
Ако детето живее со признание ќе научи дека е добро да се има цел.
Ако детето живее во сигурност ќе научи да верува во себе и во другите.
Ако детето живее со прифаќање и одобрување ќе научи да се сака себеси и другите.
Ако детето живее со почитување и пријателство, ќе научи како да најде љубов во светот.



1.Што се тоа права?
2.Објасни ја еднаквоста и рамноправноста во човековите права.
3.Зошто велиме дека Декларацијата за човекови права е универзална?



Поделете се во групи и истражувајте кои се целите и задачите на детските амбасади. Која е првата детска амбасада?
Кој друг се грижи за заштитата на правата на децата?

# ШТО НАУЧИВ


ФАКТОРИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА
ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ
СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА
ДЕТСКИ ПРАВА
ДОЛЖНОСТИ
ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ОПШТЕСТВОТО
ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ
КОНФЛИКТИ

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ
ДЕВИЈАЦИЈА
АЛКОХОЛИЗАМ
НАРКОМАНИЈА
КОНФЛИКТ

0800 1 2222 - БЕСПЛАТЕН **СОС** ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ПРИ **ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ.** ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ МОЖАТ ДА СЕ ЈАВАТ И ДА ЗБОРУВААТ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ КОИ ГИ ИМААТ СЕКОЈ РАБОТЕН ДЕН ОД 8.00 ДО 20.00 ЧАСОТ.



1. За која личност велиме дека е социјализирана? Објасни!
2. Која е причината за девијантното однесување?
3. Дали си го употребил досега СОС телефонот? Зошто?
4. Наброј ги детските права и обврски!
5. Што би направил доколку твојот најдобар другар/ка се најде во конфликтна ситуација?

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ

## ЌЕ РАЗГОВАРАМЕ ЗА:

- нашите роднини и пријатели кои живеат во странство;
- причините за иселување од нашата земја;
- зошто е значајно членството во Европската Унија;
- потенцијалните извори на енергија.



## ЌЕ УЧИМЕ ЗА:

- Културното наследство на просторите на Република Македонија
- споменици на културата;
- иселеништво од Република Македонија во светот и причини за иселување;
- странците во Република Македонија;
- Европска Унија;
- Европска интеграција;
- глобализацијата и проблемите во глобалниот свет;
- енергија и алтернативни можности;
- глобалниот свет и сообраќајот.





## ТВОЈА ЗАДАЧА ЌЕ БИДЕ:

- да посетиш археолошко наоѓалиште;
- да истражуваш за културното наследство на Македонија;
- да изработиш извештај за спомениците на културата;
- да изработиш проект на тема "Мојата средба со еден странец";
- да напишеш писмен состав на тема "Еден иселеник раскажува";
- истражувај во улога на новинар за странците во Република Македонија и причините за нивниот престој;
- да изработиш хронолошка лента на Европската Унија;
- да изработиш дневник со двоен запис за проблемите во глобалниот свет.

## КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ТЛОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Разгледај ги внимателно фотографиите!
Кои објекти ги препозна?
Си посетил ли некој од нив?
Наброј други градби од минатото што ги знаеш!





















Македонија има богато културно и историско минато.
Секоја населба, секој град се гордее со своето минато. Луѓето со големо задоволство и интерес ги проучуваат остатоците од минатото.
Пронајдени се многу археолошки наоѓалишта и остатоци од стари градби, цркви, манастири, џамии, фрески. Тие зборуваат за големото **културно наследство** на Република Македонија.




Многу градби од минатото се уништени од земјотреси, од поплави или од пожари, но и со разурнувања од освојувачки војни. Денес многу од тие градби од минатото луѓето ги реставрираат (поправаат) за да изгледаат како некогаш.



**Археологија** е наука која се занимава со ископување и проучување на предметите на старите култури.
**Археологот е научник кој** го истражува животот на луѓето кои живееле во минатото и објектите што тие ги оставиле зад себе.



Со наставникот посетете археолошко наоѓалиште.
Изработи писмен состав (извештај) за посетата!



**Долготрајно истражување**: Прибирај основни податоци – фотографии за културното наследство на Македонија.

Сведоштва на материјалната култура се откриените археолошки наоѓалишта на територијата на нашата земја. Значајни остатоци се ископани во **Пелагонија, Требениште – Охридско, Маџари – Скопско, Таринци – Штипско**, и на многу други места ширум нашата земја. Бројни праисториски предмети од керамика и алатки од камен се наоѓаат во **музеите на Македонија.**

Ширум целата територија пронајдени се остатоци што датираат од античкиот период. Особено значајни од ова време се градовите, со мозаиците и скулптурите: во близината на Битола – **Хераклеја, Стоби** во близина на Демир Капија, **Лихнидос** – Охрид, **Скупи** – Скопје и други.



**Хераклејски мозаици**



**Кокино** се наоѓа во близина на Куманово и е **најстарата опсерваторија на Балканот**.



Сочувани до денешен ден се тврдините: **Скопското Кале**, **Самуиловата тврдина** во Охрид, **Марковите Кули** во Прилеп.

Посебно обележје претставува **старoградската архитектура**, која може да се доживее во старите делови на **Охрид, во Крушево и во Старата скопска чаршија.**

## Споменици на културата

Собери основни податоци за некој споменик на културата што се наоѓа во твоето место на живеење.

**Изработи извештај по следниот план:**

1. Кога е создаден?
2. Кој го изградил?
3. За што се користел во минатото?
4. Каква е неговата намена денес?







Културното наследство во Република Македонија е извонредно богато со голем број стари градби. Во наследство од христијанството ни останале цркви и манастири, во чија изградба учествувале врвни мајстори. Тие со својата мајсторска вештина создале прекрасни дела во внатрешноста на црквите и манастирите.

**Фрескосликарството** (ѕидно сликарство) е еден од најубавите делови на византиската уметност. Фрескосликарите, зографите, под влијание на христијанската култура, создавале фрески и живописи со огромна уметничка вредност.



**Фрескопис – Лесновски манастир**



**Оплакувањето на Христос**



**Св. Богородица - икона**

**Копаничарство** (резбарска уметност) – копаничарите, со длето, од дрвото создавале раскошни иконостаси, кои и денес красат некои од македонските цркви.



**Св.Спас – колективен автопортрет**



**Бигорски дрворез – Св. Јован Бигорски**



Народен вез



Наше културно богатство се и живописните народни носии, везови, накитот, убавите народни песни и ора, обичаите, празниците, народните верувања и друго.





Народна носија

Народна носија

Охридски бисери

Исто така и исламот има силно влијание врз културното наследство, особено во архитектурата преку **верските објекти** – **џамии**, **анови** (преноќишта), **амами** (бањи), **саат кули**, **мостови**.












## Македонија – мултикултурна ризница

МУЛТИКУЛТУРА – КУЛТУРНА РАЗЛИЧНОСТ; ПОСТОЕЊЕ НА ПОВЕЌЕ КУЛТУРИ.



Од собраните материјали од истражувањето, на часот по ликовно образование, изработете пано на тема: “Македонија – мултикултурна ризница”!



Низ вековите се развивале многу **занаети**, некои од нив до совршенство: **филигранство, грнчарство; тука се вбројуваат и казанџиите, опинчарите, бојаџиите итн.**

**Доколку во твоето место на живеење има некоја занаетчиска работилница, посети ја.**
**Изработи временска лента на таа занаетчиска работилница.**

**Фолклорот** преку песните ја опева судбината на народот што живеел во Македонија.

Дали знаеш некоја народна песна?
Кои се карактеристични народни инструменти?
Направи споредба – сличности и разлики меѓу македонскиот народен мелос со народниот мелос на другите етнички заедници.

**Обичаите, народните носии** се значаен дел од културата на македонскиот народ.

Зачуваните писма и ракописи, пишувани на народен јазик, со кирилско писмо, говорат за **македонскиот јазик**, исконски според своето постоење. Исто така и припадниците на етничките заедници имаат свое писмо. На пример, на 22 ноември 1908 година во Битола е создадена албанската азбука.

Истражувај: од кога потекнува писмото на другите етнички заедници во Република Македонија!

Опиши ги обичаите на верскиот празник што го прославуваш во твојот дом!

**Местоположбата** на Република Македонија и влијанието, особено на религиите, а најмногу на христијанството и на исламот, придонесле таа да биде мултикултурна заедница. Бројните градби и споменици од минатото зборуваат дека на нејзината територија се испреплетувале повеќе култури.



**Размисли!**
Како треба да го негуваме културното наследство?



**Охрид,** древниот Лихнидос, преполн со траги од времето, е под заштита на **УНЕСКО .**



## НЕШТО НЕЗАДОЛЖИТЕЛНО, НО КОРИСНО

**Основни податоци**

Секој народ сака да го сочува своето национално богатство, односно, богатството на своето минато.

**Каде и како би го сочувал националното богатство доколку не би постоеле музеите?**

**Музеите** се институции во кои се прибира, се чува и презентира културно-историското наследство на Македонија, од праисторијата, па до денес.

Повеќе градови во Македонија имаат свои музеи. Во нив се чуваат експонати од предмети, документи, фотографии, книги и др.

Луѓето ( посетителите) ги посетуваат музеите на бројните приредувани изложби каде можат да го почувствуваат духот на минатото и барем за момент да откраднат еден миг од историјата која ја создавале минатите генерации. **Основна задача на музејот е музејската дејност** истражување, прибирање, средување, заштита и чување на музејскиот материјал.

Во музеите работат стручни лица – **кустоси,** кои ги имаат сите информации, па можат да ти објаснат за сè што те интересира во врска со некој стар предмет, документ, фотографија, ракопис.



## МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Музејот на град Скопје е основан во 1949 година.
Од 1970 година се сместува во адаптираниот дел на старата железничка станица.
Од тогаш до денес, музејот ја поврзува дејноста на уметноста во градот Скопје.



**ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!**

www.muzejbt.org.mk
www.museumstruga.mk

РЕДОВНО ПОЕСТУВАЈ ИЗЛОЖБИ ВО МУЗЕЈ!

**Истражувај !**



Ако во твоето место на живеење има музеј / музеи, посети го /ги. Разговарај со вработените и води белешки. Стекнатите сознанија запиши ги во твојот дневник – **Експонати од моето минато**.

Ако во твоето училиште се организира НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА низ нашата татковина, посети ги музеите во: источна Македонија –Завод и Музеј во Струмица, Народниот музеј во Гевгелија; западна Македонија

– Природонаучниот музеј во Струга.

– Посети го Музејот на град Скопје.

За културното наследство на нашата земја се грижи **Министерството за култура на Република Македонија.**



# ШТО НАУЧИВМЕ?



- Што го сочинува културното наследство на еден народ?
- Која е најстарата опсерваторија на Балканот?
- Кои археолошки наоѓалишта во Република Македонија ги знаеш?
- Каде се наоѓаат најпознатите мозаици од античкиот период?
- Кои тврдини се сочувани до денес?
- **Старoградската архитектура е обележје на кои градови?**
- Наброј цркви или манастири значајни по старите фрески и резби?
- Преку кои објекти се гледа влијанието на исламот? Наброј ги!
- Кои објекти се обележја на главниот град на Република Македонија?
- Кои стари занаети ги знаеш?
- Под чија заштита е градот Охрид?
- Какви институции се музеите?
- Што е дел од современото културно наследство на Република Македонија?
- Зошто Македонија е мултикултурна ризница?

## ИСЕЛЕНИШТВОТО ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ

Внимателно прочитај го текстот ( разговорот на трите деца). Изнеси свое мислење. Секој од нас има свои блиски или подалечни роднини и пријатели кои се иселиле од нашата држава и живеат во друга држава, надвор од границите на Македонија.
Разговарај, споделувај!



Јас сум од Македонија, но живеам со моите родители во Австралија.

Јас сум од Македонија, но живеам со моите родители во Франција.

Јас сум од Македонија, но живеам со моите родители во Швајцарија.



Колку години живеете во Австралија?

Баба ми и дедо ми по потекло се од Македонија. За време на балканските војни се иселиле од Македонија во Париз, Франција. А јас сум родена во Париз и живеам во Франција. Но, мојата татковина не ја заборавам.

Јас сум роден во Македонија, во Гостивар. Моите родители не беа вработени. Условите за живот беа многу тешки. Сето тоа јас не го разбирав, зашто бев многу мал. Прво замина мојот татко, а потоа заминавме мајка ми, сестра ми и јас.

Македонија има долго историско минато. Населението во Македонија низ историјата постојано се разместувало.



**Истражувај!**

Причини за иселување на населението од Македонија.



**ДЕБАТИРАЈ – ДА ИЛИ НЕ**

**ТЕМА: ПОДОБРИ МОЖНОСТИ ЗА ЖИВОТ НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Поделете се во две групи.

Првата група нека ги набројува сите причини за ДА, а другата група за НЕ.

**Дебатирајте**, почитувајќи го туѓото, а изнесувајќи го своето мислење.

Треба да изнесете што повеќе образложенија со кои ќе ги оправдате своите ставови.





**Миграција** претставува иселување (емиграција) на населението од едно место и доселување (имиграција) на друго место на живеење.

Населението во Македонија најчесто мигрира од:

- **социјални причини** – во потрага по подобри услови за живеење;
- **политички причини** – присилни;
- **верски причини.**

Според тоа каде се одвиваат, миграциите се делат на **внатрешни** и **надворешни**.

**Внатрешни миграции –** преселби на населението од едно во друго место, во границите на нашата земја.

Како дел од внатрешните миграции постојат **дневни** и **сезонски** движења.

**Кој учествува во тие движења?**

**Надворешна миграција –** доселувањето во туѓа земја, односно иселувањето од својата земја.

**Иселениците** со својата земја се во постојана врска преку: **Агенцијата за иселеништво, амбасадите на Република Македонија, конзулатите, Матицата на иселеници од Македонија.**






Тие се организираат во **иселенички организации:** културно уметнички друштва, клубови, спортски манифестации, асоцијации, училишта, печатени медиуми, црковни општини, телевизија, радио...
Иселениците од Македонија го негуваат својот мајчин јазик, обичаите и традицијата на својата земја и на својот народ.
Истовремено, иселениците се активно вклучени во афирмирање на Македонија во светот.

**Обединета македонска дијаспора** или ОМД е меѓународна организација основана во **2004** година, со седиште во Вашингтон, САД, која се грижи за интересите и потребите на македонските заедници ширум светот.



**Разгледај ја сликата!**




**Дискутирај!**



- ✓ Во кои земји има најмногу иселеници од Македонија?

На часот по **македонски јазик** изработи писмен состав на тема: **Еден иселеник раскажува...**

# СТРАНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Проширете ги знаењата и стекнете се со сознанија за странците во Република Македонија!

Во улога на **новинар-истражувач** дознај:
(Претходно подготви листа со прашања. Прашањата треба да бидат конкретни, кратки и јасни. Помогни му на овој млад новинар-истражувач да ја состави листата со прашања.)




**Странец е** лице кое не е државјанин на Република Македонија или личност која се наоѓа на територијата на една држава, а поседува државјанство на друга држава.

**Странство е** сè што е надвор од границите на државата во која живееме, односно под странство се подразбираат сите други држави.
Во Република Македонија престојуваат странци од повеќе држави, најмногу од соседните. Но, има и странци од целиот свет.

**Причините за нивниот престој се најразлични:**

– туризмот (нашата држава ја посетуваат многу туристи);
– дипломатско - конзуларните претставништва на странски држави во Република Македонија;
– службените мисии за својата Влада или за Меѓународната организација;
– вработување, школување, специјализација, научно истражување или вршење на одредена професионална дејност;
– конгреси, семинари и други манифестации;
– политички, научни, културни, спортски или верски настани;
– медицински прегледи;
– странски инвестиции и др.

Странците во Република Македонија сакаат да се запознаат со културното наследство, традицијата, обичаите и националните јадења.
**Зошто?**






Како добри домаќини размислете:
како и на кој начин ќе му ја претставите својата земја на еден странец?

# ПРОЕКТНА НАСТАВА



Со вашиот наставник подгответе се за проектна настава!
Изработете истражувачки проект на тема:

## „Мојата средба со еден странец во Македонија „

Не го заборавајте кругот на правила!
Дискутирајте и осознајте ги фазите на проектот!
Искористете ги претходните знаења, искуства, но и желбата за нивно проширување!



# ВОДИЧ ВО ТВОИТЕ ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Формирајте тимови и определете ги задачите!

Определете го времето потребно за подготовка!

**Истражувајте!**

Посетете институции и поединци (личности)!

Направете избор на материјали и информации:

– текстови од весници, интернет, медиуми;

– слики, фотографии;

– направете интервју, разговор со странец; во зависност од можностите, тоа направете го лично или користете телефон, меил;

– лични сознанија и сознанија од возрасните.

Составете прашања!

Своите впечатоци и заклучоци од истражувањето убаво подгответе ги за презентација!

Со наставникот и целиот проектен тим направете меѓусебна процена на сите материјали!

# ШТО НАУЧИВМЕ?



- Што е миграција?
- Какви миграции има?
- Наброј неколку причини за мигрирање!
- Во кои земји има најмногу иселеници од Македонија?
- Како се организирани иселениците во земјите во коишто престојуваат?
- Преку кои институции иселениците одржуваат врска со татковината?



- Што е странство?
- За која личност велиме дека е странец?
- Наброј неколку странски амбасади во Република Македонија.
- Што најмногу ги воодушевува странците во нашата земја?

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

На илустрацијата е прикажан еден од седумте континенти на Земјата.
Откриј кој е тој!
Кои држави го сочинуваат?
Дали знаеш колкав е нивниот број?
Која е најголема држава, а која е најмала?
Кои јазици се говорат?







Европа е континент со многу земји, од најмали до најголеми. Најголема држава е Руската Федерација, а најмалата е Ватикан. Се говорат многу јазици.

**Што претставува Европската Унија?**



**Општи податоци**
Европската Унија е меѓувладина и наднационална заедница на демократски земји-членки.
Европската Унија ја сочинуваат дваесет и седум европски земји, но таа е отворена за проширување со нови држави.

**Европската Унија,** под ова име, е основана во 1993 година, со Договорот од Махстрит, кој бил потпишан во 1991 година.

Идеи за обединета Европа одамна постоеле. Историјата на континентот бележи постојани обиди за здружување на различните европски народи. Но, разликите што постоеле меѓу државите и народите во Европа предизвикувале напнатост, војни, судири. Катастрофата од двете светски војни, желбата да не се повтори ужасот и желбата Европа да се обнови, се движечка сила за формирање на заедницата.

Во 1951 година шест земји од Европа: Белгија, тогашна Западна Германија, Луксембург, Франција, Италија и Холандија го обединиле производството на јаглен и челик и ја создале **Европската заедница** за јаглен и челик.

Со потпишување на Римскиот договор во 1957 година, Заедницата за јаглен и челик прераснува во **Европско-економска заедница**. Оттогаш Европската заедница се проширува со нови држави-членки.

**Европската Унија со своето создавање овозможи слободно движење на стоките, услугите, капиталот, а со договорот во Шенген и слободно движење на луѓето.**



**Виктор Иго**
прв дал идеја за мирно обединување на европските држави, преку соработка и еднаквост на членките.





– Дознајте ги имињата на земјите членки на Европската Унија, како и на земјите кандидати за влез во Унијата!
– На часот по ликовно образование изработете апликации со знамињата на земјите!
– Изработете плакат со табеларен приказ ( временска лента)!

## Симболи на Европската Унија



Разгледај ги симболите на Европската Унија и истражувај кои се нивните главни карактеристики!



**Ода на радоста**

Радост бистра убос чиста
ќерко од Елизија
Опивна си
моќ што пliска
занес и поезија
твојте сништа
спокој ширaт
злото што го скротува
сите луѓе да се смират
духот твој ги сплотува...





**Знаме на Европската Унија** **Химна на Европската Унија**

**Знамето** на Европската Унија е составено од 12 жолтозлатни ѕвезди распределени во круг, врз сина основа. Петте краци на ѕвездите го симболизираат единството на народите од Европската Унија, а изборот на бројот на ѕвездите се должи на симболиката на бројот. Број 12 претставува симбол на **совршеност и единство.**

**Химна** на Европската унија е **Одата на радоста**. Композиторот Лудвиг ван Бетовен ја создал во 1823 година во потполна глувост и таа претставува израз на визијата за зближување на народите и расите во светот.





**Обединети во различноста** е мотото на Европската Унија!

Европската Унија не е држава, но има свои симболи!

**ЕВРОТО** е воведено како национална валута на **1 јануари 2002** и претставува уникатен пример во светската историја.

**Знамето, химната и мотото на ЕУ симболизираат припадност и чувство на заедништво.**



На часот по музичко образование слушајте ја химната на ЕУ! Разговарајте и откријте го нејзиното симболичко значење!



## Институции на Европската Унија

Европската Унија има заеднички институции кои ги застапуваат интересите на Унијата, но и интересите на земјите-членки.

**Најважни институции на Европската Унија се:**

**Советот на ЕУ,** уште познат како **Совет на министри, е** водечка институција, која ги претставува интересите на сите земји- членки на Унијата. Има 27 членови. Негова надлежност се законодавството, буџетските прашања, проблемите со криминалот и слично. Седиштето му е во Брисел.



**Совет на ЕУ во Брисел**

**Европскиот парламент** е преставничко тело на граѓаните на ЕУ. Тој има три главни надлежности: законодавна, контролна и буџетска. Работата на Европскиот парламент е постојано отворена и достапна за сите граѓани кои се заинтересирани во живо да ги следат дебатите и гласањата што се одвиваат во Парламентот.

Работата на Европскиот парламент се одвива на две локации: во Брисел и во Стразбур.



**Европскиот парламент во Брисел**

**Европската комисија** ги претставува и ги штити интересите на заедницата. Составена е од 27 комесари. Европската комисија е единствената институција која има право да предлага нови закони во рамките на Унијата. За своето работење Комисијата е одговорна пред Европскиот парламент.. Седиштето ѝ е во Брисел.



**Европскиот суд на правдата** ја има судската власт во свои раце за спроведување на законските одредби на ЕУ. Решава спорови по тужбите на државите-членки и граѓаните чии права се повредени со некоја од одлуките на телата на Унијата. Судот е составен од 15 судии кои се менуваат на секои 6 години. Седиштето му е во Луксембург.

**Европскиот совет** не е тело, но има значајна улога. Составен е од шефовите на државите-членки. Главна цел на овој совет е да го поттикнува развојот на ЕУ.

Постојат и други тела, советодавни комитети, како и голем број специјализирани агенции.



Поделете се во парови и изработете **Т-табела** според насоките!





Која е надлежноста на Советот на Европската Унија?



**Европската интеграција** (проширувањето) на Европската унија е од големо значење. Сите земји кои сакаат да станат членки на ЕУ треба да поминат долг процес.

**Европскиот совет,** како одлучувачко тело на Унијата, зацрта критериуми кои земјите - кандидатки мораат да ги исполнат за да станат членки. Пред зачленувањето, земјите - кандидати мора да имаат: институции кои гарантираат демократија, почитување на човековите права и малцинствата, способност да се преземат обврските што ги носи членството во Унијата, како и спремност да се даде поддршка на Унијата за остварување на нејзините цели.

Со интегрирање на нови земји-членки во Унијата се зголемува демократијата, мирот, стабилноста, безбедноста на народите во Европа.
Проширувањето на Европската унија значи отворање на нови работни места во старите и новите земји-членки на Унијата. Со влезот во ЕУ граѓаните ја добиваат можноста непречено да патуваат, да учат и да работат во која било друга земја-членка на Унијата.



## Република Македонија и европската интеграција

**Запознајте се со темата! Прочитјте текст!**
**Учете преку техниката КОЦКА!**
**Поделете се во шест групи!**

**Размислете, разговарајте**, **консултирајте се и соработувајте меѓу себе во групата**. Почитувајте го туѓото мислење, а изнесете го своето.
Треба да изнесете што повеќе образложенија со кои ќе ги оправдате своите!



**Прва група**:
**(** општо**)**

**Република Македонија – составен дел на Европа**



**Петта група**:
**(**примени**)**

**Што треба да направи Македонија за да стане членка на ЕУ?**

**Втора група:**
**(**спореди **)**

**Чекори што ги направи Македонија кон евроинтеграциите**

**Шеста група**:
**(**дискутирај**)**

**Заземи став за наведените аргументи!**



**Трета група**:
**(**асоцирај**)**

**Европска интеграција – Македонија, земја-кандидат за влез во ЕУ**



**Четврта група**:
**(**анализирај**)**

**Придобивки од пристапување на Македонија во ЕУ**

Република Македонија **се стекна** со статусот земја-кандидат за членство во Европската Унија.



**Процесот на интеграција е долг и напорен.** За да се приближи до вредностите на Европската Унија, Македонија вложи силен ангажман и направи многу реформи.
Република Македонија треба да ги исполни сите **обврски** за да стане членка на Унијата:

- да воспостави траен мир и безбедност на својата територија;
- да овозможи владеење на правото и човековите права;
- да ја зајакне демократијата;
- да обезбеди подобра социјална заштита на граѓаните;
- да го зголеми економскиот развој;
- да ја намали невработеноста;
- да го намали загадувањето на животната средина.

Република Македонија, со поддршка од граѓаните, го чекори патот кон евроинтеграцијата.
**НО НАЈНАПРЕД ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ?**
ДА СЕ ЧЕКА МИСЛЕЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА, по што ќе следи покана за членство во Унијата.



1. Каква заедница е Европската Унија?
2. Како потекнала идејата за создавање на заедницата?
3. Кога е основана Унијата под ова име?
4. Колку земји ја сочинуваат Европската Унија?
5. Кои се симболи на ЕУ?
6. Во кои европски градови се наоѓаат институциите на ЕУ?
7. Наброј ги најважните институции на ЕУ?
8. Кои се нивните основни функции?
9. Што им овозможи Унијата на граѓаните со нејзиното создавање?
10 Каков статус има Република Македонија во ЕУ?
11. Кои критериуми треба да ги исполни Македонија за да стане земја членка на Унијата?
12. Какви придобивки би имала Македонија ако стане дел од Европската Унија?



Изработи **хронолошка лента** на Европската Унија по дадените податоци.

**1951** – Белгија, тогашна Западна Германија, Луксембург, Франција, Италија и Холандија; **1973** – Данска , Ирска, Обединето Кралство; **1981** – Грција; **1986** – Шпанија и Португалија; **1995** – Австрија , Финска и Шведска; **2004** – Кипар, Чешката Република, Унгарија, Естонија, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка и Словенија; **2007**– Бугарија и Романија.

# ОСНОВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО СВЕТОТ И ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Денес светот се соочува со многу проблеми кои треба да се решаваат глобално.

**Глобализацијата** е обележје на денешницата.

Масовните војни се дел од светската историја.

Терористичките напади, опасноста од нуклеарното вооружување, еколошките и енергетските проблеми, глобалните сообраќајни врски, интернетот како начин на комуникација − со сето ова се соочува **глобалниот свет**.



Размисли и разговарај!
Кои се главните закани на мирот во светот?
Разгледувај фотографии!
Користи списанија, весници, интернет!
Како Република Македонија придонесува во зачувување на мирот во светот?
**Размени мислења во одделението!**





Терористичките напади предизвикуваат страв, човечки жртви и огромни материјални штети. Република Македонија дава свој придонес кон зачувување на светскиот мир, безбедноста и борбата против тероризмот со активно учество на единиците на АРМ во мировните мисии.
Особено треба да се истакне соработката на Република Македонија во рамките на Евроатланскиот партнерски совет и Партнерството за мир, како и соработката со НАТО-земјите во јакнење на заедничката безбедност и мирот во светот.

## Еколошки проблеми во глобалниот свет

**Игра: Рециклираме да сочуваме!**
Поделете се во групи! Запишете, а потоа разговарајте:
**Што најчесто завршува во корпа за отпадоци кај вас дома?**



Да смислиме како можат корисно да се употребат лименките?

Што може да се направи од пластичните шишиња?

Како да ја употребиме храната што ја фрламе?

Како може корисно да се употреби хартијата?





**Сега преземете акција! Вклучете се на свој начин во спас на планетата Земја!**

Загревањето на земјината атмосфера, озонските дупки, уништувањето на шумите, сушите, загадувањето на воздухот и водите, најсликовито ги претставуваат **еколошките проблеми на глобалниот свет**. Без сомнеж, тоа се проблеми што мораат да се решаваат глобално. Во светот постојат и заштитени животни средини, но и тие се соочуваат со еколошки проблеми.

Република Македонија, како и земјите во светот, е посветена на заштитата и на опстанокот на планетата. Со донесувањето на Законот за заштита на животната средина, со колективното собирање отпад и со многу еколошки акции, Македонија активно работи на заштитата на животната средина.

**„Засади ја својата иднина“** е мотото на најмасовната еколошка акција што се организира по повод Денот на дрвото во Република Македонија.



**Активности:**

Изработете ликовни творби на тема:
**„ Заштита на животната средина“**
Не заборавајте да користите природни материјали!

**Организирајте изложба!**





# ЕКОЛОШКИ ЗАНИМЛИВОСТИ





**Добро е да знаете дека:**

- на едно пластично шише или кеса потребни му се 500 години да се разгради;
- во ЕУ во просек 16 % од цената на некој производ се за амбалажа, која најчесто завршува во корпа за отпадоци;
- повеќето семејства фрлаат околу 40 кг пластични производи годишно, кои успешно можат да се рециклираат;
- стаклото може да се рециклира 100%, неограничено и успешно;
- стаклото кое се фрла на ѓубриште никогаш нема да се разгради;
- едно рециклирано стаклено шише може да заштеди толку енергија, колку што му е потребна на компјутер да работи 25 минути;
- алуминиумските конзерви можат да се рециклираат и да бидат повторно употребливи за само шест недели;
- 80% од деловите на автомобилите може да се рециклираат;
- една рециклирана конзерва штеди толку енергија, колку што е потребна за еден телевизор да работи 3 часа.



ЧОВЕКОТ НЕ Е СОПСТВЕНИК НА ЗЕМЈАТА, ТУКУ САМО НЕЈЗИН ЗАШТИТНИК И ЧУВАР!

## Енергија- алтернативни можности

Дознај некои основни податоци за алтернативните извори на енергија!
Наброј ги алтернативните извори на енергија!
Како се добиваат?
Кои се нивните предности во споредба со другите извори на енергија?
Колку се користат алтернативните извори на енергија во Република Македонија?

Користи енциклопедии, интернет, списанија и други извори на информации. Направи извештај, презентирај ги и споредиги ги твоите сознанија со сознанијата на другите ученици.

**ЕНЕРГИЈАТА ГО ОДРЖУВА СВЕТОТ!**

Една од клучните потреби на човештвото покрај другото е и **енергијата.**

Низ времето и развитокот на светот се појавувале **нови извори на енергија.**



Побарувачката на енергија на светско ниво е во постојан пораст. Производството на енергија во изминатиот период се состои од употреба на јаглен, нафта, природен гас и нуклеарна енергија. Но токму овие горива се главни загадувачи на животната средина и причина за глобалното затоплување. Ова го става човекот во позиција да размислува за промена на начините на производство на енергија, како и за нејзино рационално користење.

Глобалниот свет се соочува со проблемот за неопходно воведување мерки за енергетска ефикасност.

Енергетските потреби на населението, економскиот развој и намаленото загадување на животната средина се причина за изнаоѓање нови ресурси и алтернативни извори на енергија.



Заштедата на енергија е од суштинска важност. Со прекумерно и неконтролирано трошење се уништуваат природните богатства. Со штедење енергија се штитиме самите, ја штитиме природата.

Исцрпените ресурси на необновливите извори на енергија бараат изнаоѓање на решенија за користење на обновливи извори на енергија. **Обновливите** извори на енергија се насекаде околу нас, а за најзначајни се сметаат:



**сончева енергија**



**хидроенергија**



**енергија на ветерот**



**геотермална енергија**




**биодизел гориво**

Македонија има огромни можности за искористување од обновливите енергетски извори, како што се водите, сонцето, ветерот. Република Македонија презема активности за да ја задоволи зголемената побарувачка на енергија со зголемување на производството и со заштеда. Во таа насока Агенцијата за енергетика има остварено меѓународна соработка и има потпишано повеќе меѓународни договори. Регулирањето на енергетската ефикасност е содржано во Законот за енергетика и во Националната стратегија за економски развој.



**Активности:** Преку техниката **насочена имагинација** активирајте ја својата фантазија и мислите преточете ги во зборови. Замислете си го светот без електрична енергија. На часот по македонски јазик напишете состав на тема **„Приказна за планетата без светилки**“!

## Глобалниот свет и сообраќајот



Изработи табела на  поими!

**Карактеристики на видовите сообраќај!**

Во редовите вметни ги поимите што се споредуваат (видови сообраќај – патен, ... авио-сообраќај, интернет).

Во колоните вметни карактеристики според кои се споредуваат видовите сообраќај (брзина, достапност, еколошка прифатливост, економичност, безбедност ...).

Користи претходни сознанија, податоци од списанија, интернет!

Презентирај  и спореди ги податоците со другарчињата во одделението!

**Сообраќајот бил и е составен дел на човековото живеење. Особено денес, луѓето секојдневно учествуваат во сообраќајот, затоа што тоа е неминовно.**

| | брзина | достапност | безбедност | економичност | прифатливост |
|---|---|---|---|---|---|
| патен | | | | × | |
| железнички | | | | | |
| воден | | | | | |
| авио | ✔ | | | | |
| интернет | ✔ | | | | |





Со зголемениот пораст на движењето на луѓе и на стоки, во светски размери се јавува проблем со сообраќајната инфраструктура и со потребата од заштита на човековата околина за живеење. Сложените сообраќајни и транспортни проблеми бараат специјализирани знаења со цел да се изнајдат решенија за безбедност, економичност и еколошка прифатливост во сообраќајот.

Транспортниот систем на една земја е значаен фактор за економски развој. Република Македонија, како дел од Европа и од светот, вложува во развојот на сообраќајот преку модернизација на постоечките и изградба на нови патишта, модернизација на аеродромите, носење нови закони за безбедност во сообраќајот, образование на стручни кадри како и образование на учесниците во сообраќајот уште од најрана возраст.



Технолошките новини, посебно напредокот во областа на размена на информации и на комуникации – интернет, играат една од најзначајните улоги во настанувањето и во развитокот на глобалниот свет.



Република Македонија, со воведување на информатичката технологија во сите сегменти на општеството, особено со модернизација на образованието, постигна значаен напредок.

Информатичката технологија во Република Македонија отвара нови можности за ефикасно одвивање на сообраќајот.



ENIAC е првиот компјутер. Направен е во 1945 година. Бил огромен, заземал простор колку една училница и тежел 30 тони. За работа и пренесување на информации користел големи електронски цевки кои брзо се загревале, па доаѓало до тешкотии во работата на компјутерот. Топлината привлекувала инсекти што му предизвикувале пречки во работата. Заради тоа и денес грешките во работата на компјутерите се нарекуваат бубачки.
Во 1980 година произведен е првиот персонален компјутер- PC.
Компјутерското време започна......



# ШТО НАУЧИВМЕ?



Со помош на техниката **дневник со двоен запис** повтори го изученото!
Подготви се! Читај, размисли, запиши!
На празен лист повлечи вертикална линија на средина. Од левата страна запиши ги проблемите со кои се соочува глобалниот свет, како и Република Македонија: -сочувување на мирот во светот, енергетски, еколошки и сообраќајни проблеми.
Од десната страна запиши свои мислења, коментари и нешто повеќе ако си дознал при истражувањето!
Разговарајте, споделете ги сознанијата во одделението, но разменете и сопствени забелешки!

| ПРОБЛЕМИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ И ВО МАКЕДОНИЈА | КОМЕНТАРИ, СОЗНАНИЈА И НАЧИНИ ЗА РЕШАВАЊЕ |
|---|---|
| | |



# ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК

## А

**алтернатива -** избор меѓу две можни решенија
**амам -** турска бања со піреа
**ан -** кафеана, крчма
**антички-** се однесува на старо време

## Г

**глобален-** се однесува на целата наша планета, на целиот свет
**глобализација-** нешто што се прави да биде проширено на целиот свет

## Д

**датира-** потекнува, има потекло од некоја временска граница
**демократија-** власт на народот, еднаквост и право на секој граѓанин да учествува во донесување одлуки за јавните и за државните работи
**делегирани** - избрани

## Е

**евроинтеграција-** здружување на европските народи
**едукација-** образование, воспитување на младите
**енергетска ефикасност-** енергетските потреби се задоволуваат со производство на помало количество енергија
**ендемски -** растенија или животни што живеат само во една географска област и ги нема никаде на друго место
**етничка заедница -** група луѓе кои припаѓаат на една народност
**етнологија -** наука што ги проучува настанокот и развитокот на народите и нивната вкупна (материјална и духовна) култура
**есеј-** литературен обид, кратка расправа  за некое научно, уметничко или друго прашање
**ефект-** позитивен резултат, силен впечаток

## И

**имагинација-** фантазија, мечта
**интеграција-** здружување, обединување
**инфраструктура-** основа, подлога за стопански и општествен развој што ја сочинуваат сообраќајниците (патишта, железници и др.)
**идентификација** -препознавање
**институција**- установа, завод уреден со дредена цел

## К

**комесар -** владин претставник задолжен за одредена област
**копаничар -** резбар на дрво

## М

**мандат-**времетраење на одредена функција
**меѓувладина-** вклученост на две или повеќе влади
**метропола**-главен град на некоја земја
**миграција-** преселба

**морал** - збир на правила кои овозможуваат хармоничен и успешен развој (исправност, чесност)
**морален**- исправен, честит, чесен

**Н**
**наднационална -** проект или политика спроведена од страна на повеќе држави
**НАТО-** меѓународен воен сојуз

**О**
**озон-** обвивка во атмосферата која ги апсорбира ултравиолетовите зраци
**озонска дупка-** дел од озонската обвивка кој е оштетен по пат на загадување
**опсерваторија-** место опремено за набљудување на ѕвезди

**П**
**п роцес** - тек, развиток, напредување
**примарна** -основна
**проткајува**-провлекува

**Р**
**ризница-** богатство
**рециклирање, рециклажа-** повторна употреба во оригиналната форма или во малку изменета форма

**С**
**сегмент-** посебен дел од некоја целина
**синагога** – објект за молитва на еврејската религија
**статус-** положба во однос на другите
**специфчен** -особен, одреден ,определен
**стереотипни**-секогаш исти, секојдневни
**симулација**-преправање, глумење

**Т**
**тајфа-** група
**тероризам-** употреба на насилство и на закани за да се заплашат и присилат другите
**тло-** земја
**трауми**- силен душевен стрес поради некоја несреќа или шок

**У**
**УНЕСКО-** агенција на Обединетите нации задолжена за образованието, науката и уметноста
**условен** -зависен
**Ф**
**филигран-** фина изработка од сребрена или златна жица во вид на мрежичка
**фолклор-** народни песни, приказни, поговорки, обичаи, носии, танци и слично
**фреска-** слика на ѕид, најчесто голема, работена со водени бои на свеж малтер

## СОДРЖИНА

## НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


**НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ------------------------ 5**

**Македонија и нејзините соседи ------------------------------------------------------- 8**

**ДРЖАВНИТЕ СИМБОЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА -------------- 10**

**СКОПЈЕ - ГЛАВЕН ГРАД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------- 12**

**МЕСТОПОЛОЖБА И ПРИРОДНИ ОСОБЕНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------------------------------------------------- 14**

**ПЕРИОДИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО МИНАТО ------------------------ 18**

**Македонија во средниот век ----------------------------------------------------------- 19**

**Македонија за време на Османлиското владеење --------------------------------- 17**

**Балкански војни и Прва светска војна ---------------------------------------------- 22**

**ФОРМИРАЊЕ НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ------------- 23**

**Македонија во Втората светска војна ----------------------------------------------- 23**

**ПРОЕКТНА НАСТАВА ----------------------------------------------------------------- 26**

**ШТО НАУЧИВМЕ ------------------------------------------------------------------------ 27**

**ДРЖАВНОТО УРЕДУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Собрание, Влада, Претседател, Суд ---------------------------------------------------- 29**

**ШТО НАУЧИВМЕ ------------------------------------------------------------------------ 31**

**НАСЕЛЕНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------------------- 32**

**Структура на население ------------------------------------------------------------------ 32**

**СТОПАНСТВОТО И СТОПАНСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------------------------------------------------- 34**

**Влијанието на природните фактори во развитокот на стопанството --------- 36**

**Рудното богатство - фактор во развитокот на стопанството -------------------- 37**

**Релјефот и развитокот на стопанството ------------------------------------------------ 37**

**ТУРИЗАМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------------------------- 38**

**ШТО НАУЧИВМЕ ----------------------------------------------------------------------- 40**

**КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ И ИНСТИТУЦИИТЕ НА КУЛТУРАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------------------------------------------------- 41**

**РЕЛИГИИТЕ И ВЕРСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------------------------------------------------- 43**

**ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------------------------------------------------------- 45**


## ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО

**ЛИЧНИОТ И ГРУПНИОТ ЖИВОТ ---------------------------------------------------- 47**

**СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА --------------------------- 50**

**ФАКТОРИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА (семејство, група на врсници, училиште, мас‡медиуми) -------------------------------------------------------------------- 52**

**Мас-медиумите како еден од факторите за социјализацијата на личноста ------------------------------------------------------------ 53**

**ДЕВИЈАЦИЈА И ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА ---------------------------------------------------------------------------- 57**

**ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ВО СРЕДИНАТА И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТИТЕ -------------------------------------------------------------------- 59**

**КОНФЛИКТОТ И НЕГОВОТО РЕШАВАЊЕ ------------------------------------- 61**

**ПРАВАТА НА ДЕЦАТА КАКО ЧОВЕКОВИ ПРАВА --------------------------- 63**

**ШТО НАУЧИВМЕ ----------------------------------------------------------------------- 67**

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ


**КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ТЛОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------- 70**

**Споменици на културата---------- 73**

**Македонија – мултикултурна ризница ---------- 76**

**НЕШТО НЕЗАДОЛЖИТЕЛНО, НО КОРИСНО ---------- 77**

**ШТО НАУЧИВМЕ ---------- 78**

**ИСЕЛЕНИШТВОТО ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ ---------- 79**

**СТРАНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------- 82**

**ПРОЕКТНА НАСТАВА ---------- 83**

**ШТО НАУЧИВМЕ ---------- 84**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА ---------- 85**

**Што претставува Европската Унија? ---------- 86**

**Симболи на Европската Унија ---------- 87**

**Институции на Европската Унија ---------- 88**

**Република Македонија и Европската интеграција---------- 91**

**ОСНОВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО СВЕТОТ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---------- 93**

**Еколошки проблеми на глобалниот свет ---------- 94**

**ЕКОЛОШКИ ЗАНИМЛИВОСТИ ---------- 95**

**Енергија-алтернативни можности ---------- 96**

**ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ И СООБРАЌАЈОТ ---------- 98**

**ШТО НАУЧИВМЕ ---------- 100**

**ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК ---------- 101**

**СОДРЖИНА ---------- 103**